**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од првото продолжение на Педесеттата седница на Собранието на Република Македонија,**
**одржана на 5 јули 2000 година**

Седницата се одржа во зградата на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,40 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Саво Климовски, претседател на Собранието.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Пратениците Стојан Андов, Звонко Мирчевски, Благој Ханџиски, Радмила Шеќеринска, Борче Сибиновски, Делче Ицков и Петар Гошев ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснете на едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Присутни се 51 пратеник во салата.

(Реакција на пратениците, кои тврдат дека има 62 пратеници во салата.

Јас ќе причекам уште пет минути.

Ќе ве молам извадете ги картичките на тие пратеници што ги нема во салата.

Уште еднаш да притиснеме и да гласаме.

Регулирано е тоа прашање со картичките, сега седнете на своите места и, да притиснеме и да гласаме.

Ќе ве молам притиснете на едно од копчињата за да го утврдиме присутниот број на пратеници во салата.

Ве молам, по трет пат, надвор колку пратеници има, тоа не ме интересира, колку се внатре во салата, тие работат, а надвор што ги има тоа е друго прашање.

Ќе ве молам по трет пат пред да отпочнеме со работа, вклучете го системот, за да притиснеме на копчињата и да гласаме.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Дами и господа пратеници, со оглед на фактот што денеска во 12,00 часот заседава и Владата и не можат да присуствуваат министрите, кои што треба да одговорат на пратеничките прашања, јас би ве замолил доколку нашава седница продолжи, а ќе продолжи и утре затоа што имам барање од Пратеничката група на ДПА, да работиме само до 16,00 часот.

Во тој случај утрешната седница да започне со пратенички прашања, а ние денеска да не одиме на утврдувањето на дневниот ред.

Дали се согласувате со овој мој предлог? (Се согласуваат).

Тогаш, утре продолжуваме со пратенички прашања и јас ќе ги замолам министрите за присуствуваат на седница на Собранието.

Во продолжение на оваа седница, ќе има и пратенички прашања и ќе трае до 16,00 часот.

На седницата поканети се претседателот на Република Македонија, господин Борис Трајковски, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Комисијата за финансирање и буџет му предлага на Собранието, предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за додадена вредност, со Предлог на закон, да се одложи од оваа седница, заради потребата предлагачите на Законот да го усогласат текстот на Законот со Мислењето на Владата.

Молам, еден од предлагачите на Законот да се произнесе по Предлогот на Комисијата.

За збор се јави господинот Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, Законот е предложен од поодамна во Собранието. Ги помина нормалните процедури за негово поставување на дневен ред на денешнава седница.

Имаше став на Комисијата и заклучок после тој став од Комисијата, матична Комисија за финансирање и буџет, заради спремност на Владата, барем така беше кажано, да соработува околу одредени одредби од Законот, Законот да се одложи од расправа на Комисијата и да му се предложи на Парламентот, Парламентот да расправа, откога тие претходно најавени активности помеѓу предлагачите и Владата ќе се реализираат. Ние како предлагачи досега стоевме на располагање за еден кооперативен однос со Владата и бевме спремни да поразговараме околу суштинските одредби на Законот, околу содржината на измените на членовите кои што се однесуваат на измена на даночното оптоварување во вид на Закон за додадена

вредност на одредени производи, кои што се произведуваат или се во прометот. Тие производи се следните: лебот, лековите, становите, земјоделските производи и земјоделската механизација.

Мислевме дека со оглед на тоа што имаме квантификации на остварување на приходите од приходната страна на позицијата на данок на промет и данок на додадена вредност, кои со 16 мај во структурата се остварени со над 53%, дека со оглед на таквата динамика на остварување на приходите е можно да се произнесе Парламентот по текстот на законот и во наше очекување и да го прифати законот, заради огромните предности кои што ги нуди тој закон во однос на постојниот систем на оданочување со данок од додадена вредност. Ние сметавме дека, со оглед на тоа што сме на праг на жетвени активности, кога треба да се договара заштитната и откупната цена на пченицата, заради олеснување на тој сериозен процес, кој што треба да се одвива во државата, е добро на оваа седница да се разгледува овој закон и би рекол, би било пожелно да се утврди или да се донесе законот.

Вие сите вчера имавте прилика да слушнете или да прочитате дека инфлацијата или порастот на цените на мало е над 15%, што значи двоцифрена инфлација, овој закон е токму и во функција на тоа да не расте и понатаму инфлацијата и да се одбегне сериозната опасност, да се премине во инфлаторно бранување кое што би било непожелно да се случи, бидејќи би ја дестабилизирано макро - економската состојба во Република Македонија и би се откажале од тоа јавно добро, контролирана инфлација. Во интерес е и на земјоделците да се расправа денеска по овој закон, со оглед на сите проблеми кои што сега се присутни во сферата на откупот на земјоделските производи, а секако дека е и во интерес и на градежништвото и во функција на остварување на политиката на Владата концептирана со програмата за изградба на социјални станови.

Заради тоа, предлагам, во име на предлагачите, оваа точка да остане на дневен ред. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Димитар Бузлевски за образложениеτο што го даде во името на пратеничката група, предлагачите на законот.

Според тоа, дозволете ми предлогот на Комисијата за финансирање и буџет, Предлогот за донесување на закон за изменуваше и дополнување на Законот за додадена вредност, да се одложи од оваа седница и да го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

36 пратеници гласаа за, 27 пратеници гласаа против, 1 пратеник се воздржа од гласање.

Процедурално побара збор господинот Чедомир Краљевски.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Се сомневам во исходот од гласањето и барам поддршка од 10 пратеници поединечно гласање.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има 10 пратеници, дајте список и нека се гласа. Повелете.

**КАРОЛИНА ОГЊАНОВИЌ - ЧУКАЛИЕВА:**

1. Јонуз Абдулаи - за
2. Абдурахман Алити - отсутен
3. Абдула Алиу - отсутен
4. Милојко Ангеловски - отсутен
5. Стојан Андов - отсутен
6. Кирил Андоновски - за
7. Љупчо Анушев - за
8. Амди Бајрам - за
9. Фадил Бајрами - отсутен
10. Димитар Баткоски - за
11. Мерсел Биљали - воздржан
12. Валентина Божиновска - отсутна
13. Јордан Бошков - отсутен
14. Димитар Бузлевски - против
15. Абдулади Вејсели - отсутен
16. Слободан Гарчески - за
17. Васил Гаџовски - за
18. Михајло Георгиевски - за
19. Трајко Гешоски - за
20. Александар Гештаковски - против
21. Данило Глигороски - отсутен
22. Петар Гошев - отсутен
23. Слободан Даневски - за
24. Замир Дика - за
25. Ванчо Ѓоргиев - отсутен
26. Илија Ѓоргиев - отсутен
27. Фатмир Етеми - за
28. Васил Ефтимов - за
29. Насер Зибери - против
30. Љубисав Иванов – Ѕинго - отсутен

31. Мирко Иванов - против
32. Илија Илоски - против
33. Делче Ицков - отсутен
34. Никола Јованов - за
35. Весна Јовановска - за
36. Марика Јорданова - за
37. Назми Кадриу - отсутен
38. Радомир Карангелески - отсутен
39. Жарко Караџоски - за
40. Митко Киров - за
41. Лазар Китаноски - против
42. Саво Климовски - за
43. Стојан Ковачески - отсутен
44. Ѓорѓи Котевски - за
45. Чедомир Краљевски - за
46. Илија Лазаров - за
47. Горанчо Лазов - отсутен
48. Алириза Лога - за
49. Билал Љутфии - за
50. Васе Манчев - за
51. Наталија Марковиќ - Димова - отсутна
52. Ѓулистана Марковска - отсутна
53. Диспина Марковска - за
54. Звонко Мирчески - отсутен
55. Драган Митевски - отсутен
56. Илинка Митрева - отсутна
57. Кирил Настески - отсутен
58. Рубенс Наумовски - за
59. Горан Невеновски - за
60. Латиф Пајкоски - против
61. Александар Пандов - за
62. Ванчо Панчев - за
63. Илија Пемов - за
64. Тито Петковски - отсутен
65. Чедо Петров - отсутен
66. Томислав Петровски - за
67. Филип Петровски - воздржан
68. Азис Положани - отсутен
69. Стојан Попов - отсутен
70. Љубомир Поповски - против
71. Никола Поповски - против
72. Илија Прангоски - за
73. Исмет Рамадани - против
74. Љупче Ристески - за
75. Ненад Ристовски - за
76. Нано Ружин - против
77. Илјаз Сабриу - отсутен
78. Аце Сајкоски - за
79. Аслан Селмани - против
80. Борче Сибиновски - отсутен
81. Вангел Симев - за
82. Ристо Спанаков - отсутен
83. Крале Спанчевски - отсутен
84. Ѓорги Спасов - отсутен
85. Милан Ставрев - за
86. Наќе Стојановски - против
87. Томислав Стојановски - за
88. Воислав Стојаноски - за
89. Благој Стојковски - против
90. Златко Стојменов - за
91. Владо Сугаревски - за
92. Оломан Сулејмани - отсутен
93. Ризван Сулејмани - против
94. Мухамед Таири - отсутен
95. Александар Талевски - за
96. Мевљан Тахири - отсутен
97. Митко Тилевски - за
98. Ѓорѓи Тодоров - за
99. Ристо Тодоров - против
100. Павле Тодоровски - за
101. Панде Томов - за
102. Коце Трајаноски - за
103. Горанчо Трајков - за
104. Танас Трајковски - отсутен
105. Александар Трпевски - за
106. Борислав Трповски - отсутен
107. Слободан Ќосев - отсутен
108. Илија Филиповски - против
109. Александар Флоровски - за
110. Илјаз Халими - за
111. Благој Ханџиски - отсутен
112. Сејфедин Харуни - отсутен
113. Кастриот Хаџиреџа - отсутен
114. Бранко Црвенковски - отсутен
115. Миланчо Черкезов - за
116. Ванчо Чифлиганец - отсутен
117. Арбен Џафери - отсутен
118. Хисни Шаќири - за
119. Шахиќ Алија - отсутен
120. Радмила Шеќеринска - отсутна

Дали има некој кој меѓувреме влеза во салата, Јордан Бошков - за.

**САВО КЛИМОВСКИ:** (Продолжение)

Вкупно гласаа 74 пратеници, од кои 55 за, 17 против и 2 воздржани.

Констатирам дека Предлогот на предлагачот не е усвоен, а усвоен е Предлогот на Комисијата.

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот Дневен ред:

1. Предлог на завршна сметка на Буџетот на Република Македонија за 1999 година.

2. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за извршна постапка.

3. Предлог на закон за договорна хипотека

4. Предлог на закон за жичари и ски - лифтови

5. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за девизно работење, со Предлог-закон.

6. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за административните такси, со Предлог-закон.

7. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност, со Предлог-закон.

8. Предлог за донесување на закон за овластување на организација за изработка на пригодни ковани пари, со Предлог-закон.

9. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за одбрана, со Предлог-закон.

10. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за државјанство на Република Македонија, со Предлог-закон.

11. Предлог за донесување на закон за ратификација на Конзуларната конвенција меѓу Република Македонија и Украина, со Предлог-закон.

12. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Кабинетот на министрите на Украина за соработка во областа на туризмот, со Предлог-закон.

13. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Швајцарскиот федерален совет за одбегнување на двојното оданочување по однос на данокот од доход и данокот на капитал, со Предлог-закон.

Дали има предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред.

Има збор, заменик министерот за правда Зоран Стојанкиќ.

**ЗОРАН СТОЈАНКИЌ:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници, точката 2 и 3 од дневниот ред Предлог на закон за изменување на Законот за извршна постапка и Предлог на Закон за договорна хипотека, бидејќи е потребно дво - третинско мнозинство од вкупниот број пратеници, предлагам да се одложат од денешната седница за некоја друга седница.

Предлогот на Законот за договорна хипотека треба да се одложи, бидејќи со него се укинуваат некои одредби од претходниот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Бидејќи е потребно квалификувано мнозинство, а ние го немаме, значи се одлагаат точките 2 и 3 - Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за извршна постапка и Предлог на закон за договорна хипотека.

За збор се јави г-динот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Го ценам предлогот на заменик министерот по однос на Предлогот за одлагање на расправата по Законот за извршна постапка и договорна хипотека, меѓутоа, г-дине претседателе, ние можеме да расправаме по законите, а за гласањето да се обезбеди дво - третинско мнозинство.

Ќе го замолам колегата предлогот да го повлече, да расправаме по тие закони, а кога ќе се гласа да имаме квалитетно мнозинство.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Со оглед на фактот дека се работи за закони кои се наоѓаат во завршна фаза, во II фаза, ние ја имаме завршено расправата по законите и сега евентуално мораме да гласаме по амандмани и да ги изгласаме, значи нема да водиме расправа. Расправата главно ќе се сведе по амандмани и затоа можеби е добар предлогот, да не се доведеме во ситуација, со оглед дека не нема толку во салата сега присутни, а и да не има прашање е како ќе се гласа, треба да обезбедиме двотретинско мнозинство, јас молам да ги одложиме за утрешната седница овие две точки. Јас го прифаќам предлогот на заменик министер. Треба како пратенички групи, да се договориме и да имаме кворум во салата. По овие закони нема повеќе расправа. Во таа смисла г-дине потпретседателе, мислам дека е добро.

**ТОМИСЈЖВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ако сте замислиле така да тече целиот процес, тогаш јас се повлекувам.

**ИЛИЈА ЛАЗАРОВ:**

Почитуван претседател, почитувани колеги пратеници. Јас мислам дека амандманската расправа може да се заврши и не мора двотретинско мнозинство за нејзе. Само за гласањето на Законот е потребно двотретинско мнозинство. Зошто да се одлагаат, на една наредна седница кога ќе имаме кворум да го обавиме гласањето.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Мислите да ја водиме расправата до чинот на гласање. (Да).

Молам претставникот на Владата дали се согласува.

**ЗОРАН СТОЈАНКИЌ:**

Го повлекувам предлогот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро. Дали некој друг бара збор во врска со дневниот ред?

**ИЛИЈА ИЛОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, јас имам предлог од денешната седница да се симне Предлог - законот за измена на Законот за девизно работење, тоа е точката 5.

Предлогот на законот за измена на Законот за девизно работење доаѓа во време и паралелно термински се поклопува со изработка на нов текст на Закон за Народна банка и Законот за банки. Значи доколку има промени во организирањето на ревизијата која врши контрола врз девизното работење, тоа ќе има битно влијание врз одредбите што се предвидени во Предлогот на законот за измена на Законот за девизно работење.

Исто така мислиме дека овие два закони се базични во регулирање на оваа материја и од многу мирни одредби ќе зависат одредбите на законот што денес се предлага и би дошло до прејудицирање на некои одредби во денешниот предлог.

Исто така, одредбата за промена на терминот во членовите 1, 2 и 3 од физичко лице во трговец поединец, читајќи го текстот се доаѓа до сознание дека целиот текст не е усогласен и со одлагање од денешната седница, би се дало еден временски простор на предлагачот да ги усогласи овие термини и секаде каде што стои "физичко лице", да се пише терминот "трговец поединец". Значи, треба едно терминолошко пречистување на самиот текст на законот. Со тоа мислиме дека би коинцидирал овој текст на законот со Законот за трговските друштва.

Трета причина за која бараме одлагање на овој закон, е тоа што одредбите за менувачко работење се регулираат во членот 5 се вклучени во постојниот Закон за девизно работење, во членот 94 и во Законот за Народна Банка на Република Македонија во членовите 47 и 50. За поголема прецизност може да се направи само дополнување на овие членови во Законот за Народна банка на РМ со додавање на одредбите, на пример зборот "менувачници" но и во овој случај важи напомената под број 1 т.е., дека прво треба да се причека донесувањето на двата круцијални закони во оваа материја - Законот за Народна банка на РМ и Законот за банките и штедилниците.

Доколку се влезе во материјална расправа имаме и други забелешки, на пример се предлага 180 дена стимулативно одлагање на внесувањето на девизи во РМ да изврши исплата на стопанските субјекти и се поставува суштинско прашање што би значело да нема воопшто некој рок на воведување, да биде до крај либерално и стимулативно. Има и други промени кои мислам дека битно би влијаеле врз подобрување на текстот на законот.

Затоа, предлагам оваа точка да се симне од дневниот ред на денешната седница, а во меѓувреме, паралелно да се работи на донесување на Законот за Народна банка на РМ и Законот за банки и штедилници и отпосле да се влезе во материјална расправа по овој Предлог - текст на законот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на г-динот пратеник Илија Илоски, за поднесениот предлог.

Го молам претставникот на Владата, тука е заменик министерот за финансии, г-дин Јордан Марковски, да се произнесе во врска со овој закон.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, Предлогот начелно не го прифаќам за симнување од дневен ред на оваа точка, од едноставна причина што добар дел од измените што се нудат се повеќе од карактер на усогласување со други прописи и терминолошко усогласување на текстот на постојниот Закон. Поквалитетни промени што се предлагаат со Предлог - законот се внесува една релаксирана состојба кај субјектите кои остваруваат девизен прилив, во смисла на измена на досегашната одредба која им оневозможуваше или налагаше со девизниот прилив да се

располага во еден рок од 90 дена, а сега тој период го проширувАме на период од 180 дена, бидејќи досегашната пракса покажува, сопствениците на девизниот прилив беа претежно принудени во услови кога не можеа да го користат тој девизен прилив во рок од 90 дена изнудено да ги продаваат девизите, за да по два - три дена се јавуваат на берзата и вршат откуп на девизи.

Се цени дека со една ваква измена, ќе се создадат поповолни за услови за стопанствениците, претежно за извозници.

Други поквалитетни измени се измените во казнените одредби, кои што се усогласуваат со постојните мерки предвидени со Законот за прекршоци.

Од тие причини не гледам сериозна околност која би сугерирала точката да се симне од дневен ред и да оди во пакет со Законот за банки и штедилници, или евентуално во продолжение со Законот за штедилници, бидејќи се работи за еден специфичен закон со кој се регулира девизното работење на субјектите во РМ.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, со оглед дека претставникот на Владата не се согласи да се симне точката од дневен ред, јас го ставам предлогот на г-дин пратеник Илија Илоски на гласање. Молам, да гласаме.

Седумнаесет пратеника гласаа за, четири воздржани и 50 против.

Според тоа констатирам дека не се прифаќа предлогот на пратеникот Илија Илоски, да се симне точката 5 од дневен ред.

Молам, дали некој друг бара збор во врска со дневниот ред?

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван претседателе, јас би сакал во врска со проширување на дневниот ред, да доставам Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за трговија, затоа што со Законот за трговија........

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Не може, денеска да го доставите. Вие доставете го, па да го ставиме на дневен ред, не може така да се достави, бидејќи тоа е закон и треба да го погледаме.

За овој дневен ред вие може да побарате да ви се достави некоја информација, а закон треба да го видиме, да се прочита, да се дистрибуира пред време, па да разговараме.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Добро за наредната седница ќе го доставам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Бидејќи никој не бара збор во врска со предложениот дневен ред, ве молам да гласаме.

58 пратеници гласаа за, четири воздржани и три против.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Минуваме на точката 1 - Предлог на завршна сметка на Буџетот на Република Македонија за 1999 година.

Предлогот на завршната сметка и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени. Отворам општ претрес. Молам, дали некој бара збор?

Има збор, г-динот пратеник Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, почитувани претставници на Влада, законска обврска е на Парламентот да ја утврди Завршната сметка на Буџетот на Република Македонија во тековната година за претходната година. И токму на една таква тема денеска отвараме расправа и притоа таа тема е добра прилика да се проанализираат сите активности, кои што се одвивале во 1999 година како база и на активностите, кои што се одвиваат во 2000 година за оваа проблематика. Значи, иако е формалност ставањето на точката на дневен ред, формалност од аспект на просторот за кој што може да се дискутира, со оглед на многу важната функција на Буџетот во вкупната економска политика добра прилика е да се потсетиме на неколку работи.

Буџетот во 1999 година расте за 17,9% во однос на 1998 година. Имавме прилика да слушнеме на минатата седница од аспект на тоа дека сакавме да прикажеме дека се занимаваме со оваа проблематика и дека ги поддржуваме ваквите економски трендови, кога се гласаше за довербата на Владата, некој од вас ќе помисли дека тоа е добро, дека со тоа е направен голем успех и дека со тие успеси треба да се пофали активноста на Владата. Меѓутоа, самиот факт дека имаме вкупен пораст на буџетска потрошувачка како дел од јавната потрошувачка, е сам по себе неповолен. Неповолен заради лошото раководење со Буџетот во 1999 година.

Буџетот е инструмент многу специфичен од Буџетот и буџетските средства од раководењето со буџетските средства крајно зависи и вкупната ликвидност во македонската економија од аспект на улогата на Буџетот за редистрибуција на средствата и што е можно поинтензивирана редистрибуција на таквите средства. Па во услови кога имаме пораст на буџетска потрошувачка од 17,9%, имаме фрапантен резултат на внатрешна задолженост кој што расте со 100% во македонската економија и го достигнува нивото од 30,8 милијарди. Само за 1990 година тоа ниво е пораснато за 18 милијарди денари. Да си земете комоција да потрошите 17% повеќе, во услови кога се исцрпила македонската економија од аспект на обртните средства, мислам дека на лош начин се практицира водењето на ова министерство и тоа такво практицирање носи лоши резултати на стопанските текови во Република Македонија. Кои се тие лоши резултати?

Мислам дека, само да се навратиме на фактот дека многу често и најчесто на сметката на Буџетот се држат меѓу 4 до 7 милијарди денари е директна аргументација на сето претходно што го кажав. На 16 мај на буџетските и другите сметки беа евидентирани салда од 7,9 милијарди денари. Што значи тоа? Тоа значи за толку и во еден подолг период парите се држат на сметките и тие на таков начин се стерилизираат. Токму заради тоа се влошува ликвидноста во македонската економија, а стерилизацијата на средствата се врши за да се ублажи ударот од инфлационите текови. Мене многу ми е жал што овој Парламент не го усвои Законот за акцизи, кој што беше предложен од група пратеници, мене многу ми е жал и денеска што не прифативте да расправаме по измените на Законот за додадена вредност.

Господа пратеници, ако ги прифатевте таквите одредби кои што значат подобрување на системските аспекти за водење на тековна економска политика, тогаш Министерството не ќе мораше да држи 7 милијарди денари на жиро сметка и да ги стерилизира тие пари, тогаш не ќе беше во толкав голем изразен проблемот на неликвидноста на македонската економија. Тоа се поврзани сфери кои што влијаат една врз друга и кои што трајно резултираат со одреден економски параметар. На оваа тема може многу да се говори и се надевам дека брзо ќе имаме прилика и ние пратениците од опозицијата да продискутираме при изборот на новата Влада, која што ја најавувате, ако и тогаш не ги вклучите сите копчиња наеднаш и не се пријавите, но тогаш ќе можеме два, три дена да разговараме, не ќе бидеме ограничени до 24 часот на полноќ, па ќе кажеме и други аспекти поврзани со оваа тема за тоа како се раководел Буџетот и како заради таквото раководење на Буџетот се имплицираат доста слабости во економијата во 1999 и во економијата во 2000 година. Овде во оваа сфера е и позицијата, која што ни се нуди да ја потврдиме како Парламент, со оглед на тоа што е составен дел на Завршната сметка во делот на донации од странство и задолжување во странство, јас би споменал една следна ситуација во тој дел.

Трошковната страна на Буџетот е поголема заради обврската на држава Македонија да плаќа интеркаларни камати на одобрени кредити, кои што не се повлечени. И секој таков трошок е нерационален и е би рекол комоција така да се раководи вкупната финансиска сфера во Република Македонија. Имавме прилика завчера на полноќ да слушнеме дека, во Македонија поврзано со оваа проблематика, а врз една одредена позиција на Буџетот како трошковен товар на Буџетот, заради како што беше кажано неактивноста на банките и некадарноста на директорите во банките да не се повлечени, беше споменато 380 милиони марки. Јас ќе го поправам премиерот, не се повлечени не 380, туку 460 милиони марки, но не заради некадарност на директорите, туку заради некадарност на Владата на Република Македонија, затоа што сите тие кредити требало да ги повлече Владата и да ги стави на располагање на финансиските институции во оваа земја. Оттаму од ИБРД одобрени се за проект за реконструкција на иригационен систем кредити во висина од 13,5 милиони марки. Министерството за финансии не повлекло ниту марка по овој кредит. За реконструкција на Електростопанство на Република Македонија одобрен е кредит од 61,5 милиони марки, Министерството за финансии и Министерството за стопанство, тоа значи Владата не ги завршува работите во целост и заради тоа повлечени се само 1 милион 328 илјади марки. За проектот за подобрување на транспортниот сектор одобрени се 52 милиони марки, повлечени се само 13 милиони марки. По ИДА услови има многу позиции кои што се одобрени, но многу позиции од кои што не се повлечени средствата. Интересно е дека и од Европската инвестициона банка која што го кредитира изградувањето на патната мрежа во Република Македонија од втората линија која што е од 117 милиони германски марки,

не се повлечени ниту денар. Значи, за вакви кредити Република Македонија плаќа камата. Владата не е способна да ги операционализира овие кредити. А ако дојдеа овие кредити во Република Македонија, тогаш не ќе имавме ваква состојба во градежништвото, по последната позиција. Господа стручњаци, вие што ја браневте Владата, како ќе одговорите на овие проблеми. Ова е реалност. Ние овде можеме да си прикажуваме приказни и да ја занимаваме македонската јавност и дури ако сакате со таа доста употребувана пустош во економијата, која што ја оставила претходната Влада, пустошот го прави оваа Влада на овој начин. Тоа е вистината. Заради тоа препорачувам и ќе гласам за да се усвои оваа Завршна сметка, но има уште време, ако има знаење во Владата, во Министерството да се подобрат овие токови во финансиската сфера. Тоа го говорам за добро на секој граѓанин на Република Македонија. Вие може да реагирате кога ќе се нападне Владата, но јас не ја напаѓам Владата затоа што не ми е симпатична Владата, туку затоа што греши на ова. А ако реагирате да ме поправите и да ме корегирате во еден податок кој што го искажав сега, овде јавно ќе се извинам и ќе кажам: "За тој податок се извинувам и на вас и на Владата и на македонската јавност". Па заради тоа мислам дека од сосема добри намери излегов ова да го кажам, бидејќи господа пратеници во извештајот на Светска банка, кој што извештај е најнеповолен за една Влада за земјите во транзиција. Еве го, ќе го умножам, и ќе ви го дадам на сите, затоа што потпретседателот на Владата, министерот за труд и социјална политика, господинот Бедредин Ибраими, не дозволи да се дистрибуира на барање на колегата пратеник од ПДП тој извештај. Во една реченица за оваа проблематика пишува вака: "Процесот на реализација на Буџетот уште повеќе го поткопува кредибилитетот на Буџетот, како инструмент за спроведување на политиката". Тежиштето на мојата дискусија беше таа дека и кредибилитетот на оваа земја е нарушен во светот, заради тоа што Македонија 18 месеци нема склучено аранжман со Светска банка и со ММФ и ви кажуваат, овде јасно пишува дека заради тоа и заради тоа.

Па сега господата кои што шетаат низ Македонија и кажуваат што ќе направеле до септември, или во септември излегоа со изјава во Република Македонија, дека во септември Светската банка и ММФ ќе ги замрзне обврските спрема финансиските институции во светот. Немојте, ова е прагма, овде прагматично треба да се размислува и напорот треба да биде насочен во конструктивно прифаќање на се што ќе се предложи, а ќе се оцени дека држи во рамката на економската политика и дека ќе е од интерес на секој граѓанин во Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Димитар Бузлевски.

За збор се јави господинот пратеник Горанчо Трајков

**ГОРАНЧО ТРАЈКОВ:**

Јас само накратко би прокоментирал. Беше речено од прилика вака: "Парите не се повлечени не поради некадарност на директорите, туку поради некадарност на Владата". Мислам дека беше така кажано. Јас би рекол дека парите не се повлечени поради некадарност на системот, кој вие господине Бузлевски за жал со ништо не го променивте, а оваа Влада со ред на закони кои што сега се во тек се труди да го промени. Тоа се закони за хипотека, што денес е на дневен ред, за извршна постапка, Закон за банки, кој сега веќе е изготвен и кој ќе биде донесен верувам пред годишните одмори, Закон за Народна банка, што значи се закони кои што успешно функционираат во западниот свет.

А до ова дереџе сме дојдени само поради работењето по стандарди кои се веќе одамна надминати. Мислам околу ова да нема недоразбирања,се прави една класична реформа во овој сектор и сметам дека кога се ова ќе профункционира до такви работи нема повеќе да доаѓа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За реплика се јави господинот пратеник Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Заради допрецизирање на мојот исказ и дообјаснување на она што го кажав. Јас го ценам мојот колега, ние имаме добра соработка во комисиите, но овој пат ќе го потсетам дека овие средства се одобрени од меѓународни финансиски институции. Овие средства се одобрени од Светска банка под различни услови, меѓу кои што ги спомнав и ИДА условите на 40 години и грејс период 10 години, одобрени се од Европска банка за обнова и развој, одобрени се од Европска инвестициона банка. Ако не чинел системот, или законите во Република Македонија, овие средства немало да се одобрат, овие се одобриле врз база на анализи, кои што претходно нормално се прават за да се дојде до чинот

на одобрување, но не се повлечени од тие институции, не заради тоа што не чинат законите, туку заради тоа што не е активна Владата на Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Димитар Бузлевски.

За реплика се јави господинот Горанчо Трајков.

**ГОРАНЧО ТРАЈКОВ:**

Јас се согласувам со господинот Бузлевски дека средствата се одобрени од Светска банка и од сите тие институции меѓународни, меѓутоа нивната операционализација оди преку комерцијалните банки и тоа добро го знае господинот Бузлевски. Само имам еден податок дека 40% од пласманите на банките се недобри пласмани. Тоа беше кажано и во синоќешната емисија на која што беше и министерот за финансии, од Народна банка и од Комората за банкарство. Така што мислам работата е сосема јасна и со реформата, која што ни претстои сето ова ќе биде надминато. Мислам доволно добро се разбираме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Уште една реплика има господинот Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Ова е дополнување во интерес на расправата. Вкупните износи на одобрени кредити, или за поддршка на економијата на Македонија во периодот 1992-1999 година преку комерцијалните банки, значи она што е повлечено од финансиските институции се 155 милиони германски марки. Од овие средства банките досега повлекле и пласирале 92 милиони. Тоа значи процент на реализација, или процент на пласирани средства58,6%. Не се пласирале сите заради некомпетентност на програми.

Но јас кажав дека Република Македонија т.е., Владата не ги ставила на располагање средствата на сметките на банките, иако за тие средства оваа држава плаќа камата, интеркаларна камата. Тоа го ставив во делот на трошење на буџетските средства како нерационална работа, која е неповолно за македонската економија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Бузлевски.

За збор се јави пратеникот Илија Лазаров.

**ИЛИЈА ЛАЗАРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, јас и во мојата дискусија завчера кажав неколку збора околу овие пласмани. Посебно ми е позната ситуацијата во образованието, за средствата пласирани од Светската банка. Точно е дека, така речиси ништо од овие средства не е искористено. Што е проблемот? Некој дел од средствата се искористени, меѓутоа тоа е многу мал дел. Светската банка забележала што се правело со тие средства и сака да обезбеди инструменти, дека тие средства ќе бидат наменски искористени. И директно Светската банка сега преку Министерството за образование води сметка за пласманите и бара сигурни гаранции за употребата на тие средства, а не како што се правело порано, за времето на СДСМ, ги сменат штрафовите на покривот и потоа кажат дека се употребени, да речеме 500 или 1 милион марки и дека е направено таа и таа операција на тој и тој објект. Многу средства се злоупотребени. Заради тоа пласманите сега идат потешко, директно до корисниците, иако веќе постои таква распределба и сегашното Министерството, посебно министерот Галев прави напори и во изминатите неколку месеци добар дел од овие средства се распоредени и на многу места веќе се отпочнати тие работни интервенции.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Илија Лазаров.

За реплика се јавува г-динот Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Еднаш мора да ги насочиме активностите на органите и институциите онаму каде што им е местото.

Ако имало такви дејанија во образованието, при влечење на кредитни средства, затоа постојат органи кои имаат добиено и таква задача од овој Парламент, а за оние кои тоа го направиле има и санкции. Но сега ќе го кажам следното:

За проектот за поддршка на образованието, од Светска банка одобрен е износот 9.663.000 германски марки. Досега потрошени се, значи и за времето на владеење на СДСМ и за времето на владеење на коалицијата за промени 3.615.000 германски марки. Што е направено може да се побара, да се каже, да се добие информација, но ова е вистината. Јас токму за тоа говорев.

Ако министерот Галев, според искажувањата на г-динот Лазаров, бидејќи

претпоставувам дека го информирал министерот г-динот Лазаров, презема активности да ја интензивира ваквата активност, јас сум согласен за таквите активности. Заправо јас затоа и говорев, за таква активност.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Димитар Бузлевски.

За збор се јавува г-динот пратеник Благој Стојковски.

**БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, неколкуте последни дискусии предизвикаа и кај мене желба да се јавам, навистина македонската јавност да има едно сознание кое е вистинито и кое не се должи само на тоа, еве вие кога бевте, вие кога бевте и н. Па бевме.

Овде станува збор за една многу битна работа, затоа што без повлекување на кредитни линии, било во стопанството, било во образованието или било во која друга дејност, не може државата да оди напред, нема развој, нема вработување, туку имаме зголемување на невработени со аргументи и документи. Колегата зборуваше за една работа која е надвор од стопанството, меѓутоа за образование дека, еве, СДСМ кога бил тие средства биле лошо искористени. Слушнав колку се искористени тие средства, меѓутоа да кажам следното.

Јас на поранешниот министер за образование, во 1999 година му поставив прашање, зошто одобрените средства од Светска банка за школи во Мало Нагоричани и с. Тромеѓе, кое само се почна во времето на СДСМ и тука стои, а средства се одобрени од Светска банка. Министерот ми даде одговор заведен под број тој и тој, од 7.06.1999 година, дека до крајот на август школото ќе биде завршено. Затоа, добро би било за јавноста, да формираме една група од пратеници, да одат да видат дека школото нема абер од завршување. За другата школа добив одговор, исти тие средства од ист финансиер, дека школото ќе биде отпочнато во 1999 година. Уште ни еден клинец на училиштето во Тромеѓа не е ставено. Па еве како ги користиме тие средства.

По однос на искористување, она што навистина треба да не заболи, во стопанството, во малите и средни претпријатија, или пак во Електростопанство, точно дека кредитот е одобрен за време на СДСМ, кредитот од 61 милион марки, искористен е само 1 милион. Многу злоупотребиле овие, од СДСМ.

Зошто не престанеме со тие работи, а да бараме одговорност, не и како пратеници, од било кој, кој се наоѓа во структурите на оваа држава, тие средства да бидат искористени.

Услов од Светската банка беше Електростопанство направи што поголем остаток од секој продаден киловат час електрична енергија. Втор услов беше да се намали бројот на вработени во Електростопанство. Трет услов беше сите споредни дејности, хотели и др. да се отстранат од Електростопанство. Што направивме? Во Електростопанство, еве од каде што доаѓам, има над 15% нови вработувања. Ништо не е отстрането од тие работи што ги бара Светска банка. Затоа тие кредити не се искористени, а не од тоа што некој ги злоупотребил. Немојте со тоа злоупотребено, а без факти и аргументи.

Ние овде сите како пратеници треба да се залагаме сите овие кредити што ги имаме добиено, да бараме од Влада, од банки, од институции, тие да се ефектуираат. Бес тоа ние само ќе си зборуваме, ќе си правиме македонски стари прикаски, меѓутоа состојбата долу во базата ни е сосема друга. Можеме ние овде добро да зборуваме. Меѓутоа 6 милиони неискористени кредити во училишта, а на завчерашната седница некој од Источна Македонија стана да зборува дека му е срам да влезе во училиште. 6 милиони неискористени! Имаме слаб напон на електрична енергија, треба ревитализација и на хидроцентрали и на термоцентрали и на пренос и на дистрибутивна мрежа, а 60 милиони се неискористени. Што друго да кажуваме, само 1 милион искористен. Меѓутоа, условите кои ги поставува Светска банка мора да ги исполниме, било кој да е на власт. Затоа треба да се залагаме и не сега да стануваме во одбрана еве ние ова не го направивме, туку вие го правевте тоа така и така. Срамота е некој да каже дека злоупотребениот 61 милион марки, 1 милион, а 60 лежат. Срамота е што лежат. Треба да ги искористиме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Реплика побара г-динот пратеник Горанчо Трајков.

**ГОРАНЧО ТРАЈКОВ:**

Прво мислам дека отстапивме од дневниот ред и сакам пак да се дообјаснам, бидејќи мислам не бев доволно сфатен.

Прво во РМ има голема потреба од кредити. Тоа е факт и ние не можеме да бегаме од тоа дека во РМ нема потреба од кредити.

Следниот факт што го кажа и премиерот дека имаме заробени големи средства во банките, и тоа е факт и од тој не можеме да бегаме. Дали се 380 или 400 милиони не би дискутирал околу тоа.

Друга работа е, денес во РМ за да се добие било каков кредит треба да се има преголеми врски во банките или да се има преголема среќа. Сега овде мора да го бараме клучот на решавањето на проблемите. Јас сум длабоко убеден дека сите овие проблеми се последица од лошото законодавство. Сега со овие закони, кои што, денес имаме нешто на дневен ред, нешто ќе имаме најверојатно на следната седница сега во најскоро време, дека сето тоа ќе биде надминато и ќе имаме една база како што има во целиот западен свет и дури потоа ќе можеме да се надеваме дека сето тоа ќе функционира така како што треба. Целта на мојата дискусија и за она што јас се залагам е токму тоа, да се направи реформата во финансискиот сектор и целата работа да тргне напред така како што треба да тргне.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Горанчо Трајков.

За збор се јави г-динот пратеник Марика Јорданова.

**МАРИКА ЈОРДАНОВА:**

Немав намера да земам збор по однос на оваа точка, бидејќи не сум во економските прашања, меѓутоа сум добро упатена во состојбите кои директно произлегуваат токму од оваа дискусија односно искористувањето на кредитите.

Искористувањето на кредитите како што рече и мојот колега г-динот Горанчо Трајков е сложен проблем, една сложена карика, која не е едно повратна односно давач на кредит и искористувач на кредит, меѓутоа во која земаат учество повеќе моменти, еден сложен круг на карика, би рекла. Во таа карика, од една страна се вклучени сите оние околности, законски регулативи кои овозможуваат искористувањето на кредитот, односно на материјалните средства, а од друга страна влегува и уште еден многу важен момент кој овде не беше спомнат, а со кој сум директно запознаена, имено за искористувањето на некои од кредитите во Клиничкиот центар кај нас во Скопје. Имено одобрени се кредити за реконструкции или реновирање, доизградба на некои од клиниките кој кредит треба да биде вратен и не може да биде искористен, не заради неспособноста на Владата, туку токму заради оној момент на кој укажа и нашиот почитуван премиер, ако можеме да се сетиме на тој дел од дискусијата. Имено поради тоа што одредени структури кои учествуваат и директно влијаат на искористувањето на тој кредит. Да речеме главниот архитект на Клиничкиот центар е тој што треба, заради некои соодноси кои веќе биле поставени и претходно функционирале, е тој што треба да даде согласност за искористувањето на тој кредит, односно да распише тендер и потоа врз основа на тој тендер таа да го одобри и откако ќе се одобри да може кредитот да се користи. Се до оној момент додека таа постапка не е направена, не може да биде користен кредитот, односно не може да се искористи и целта заради која што е и наменет.

Целта на мојата дискусија е, сите оние закони за хипотеки и сите оние закони во економските односи, кои треба да ги направат условите на едно нормално и по ефикасно функционирање на економијата во нашата држава, а со тоа и развојот на одредени области, ќе бидат реализирани, не само со оние закони кои ние овде како Парламент ќе ги донесеме, туку главниот учесник во нивната реализација ќе биде и човечкиот фактор. Се додека не сфатиме сите, без оглед кој каде и на кое место се наоѓа, дека треба да функционираме во интерес на нашиот економски развој, во интерес на целта, ако Светска банка ни овозможила финансиски средства, ние треба да се трудиме да ги користиме во интерес на сите нас, а не притоа некој да се заплеткува во своите политички бои и интереси, со цел да прикаже дека оваа власт е неспособна.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

И благодарам на пратеникот Јорданова.

За збор се јави заменик министерот за финансии г-динот Јордан Марковски:

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Само неколку напомени во однос на понудената Предлог завршна сметка, односно во конотација со дискусијата што досега беше водена.

Се работи за понудена на усвојување Предлог завршна сметка на Буџетот на РМ за 1999 година, односно за таканаречената фискална 1999 година.

Бес некои негаторски пристап кон сите дискусии, сепак во основа мислам дека вниманието требаше повеќе да биде

посветено на релацијата утврден Буџет за 1999 година, односно ребаланс кога можеби ќе беа по издржани едни вакви дискусии, кога се проектираше и бруто приходниот, односно расходниот дел на Буџетот, се разбира заедно со поединечните ставки во него и носителите, односно буџетските корисници во него.

Само да потсетам дека се работи за Предлог завршна сметка за една по многу нешта специфична година, година која во голема мера го поремети нормалното живеење во РМ, заради веќе познатите настани и заради кои настани настапија и пореметувања во самиот Буџет. Вие знаете дека првата проекција на Буџетот за 1999 година беше насочена во вкупен приходен и расходен дел на некаде од околу 46 милијарди денари, за со ребалансот на Буџетот тој износ да отиде скоро на 51 милијарда денари. Значи тоа беа изнудени промени, за среќа и поткрепени со меѓународна финансиска поддршка, дали во вид на грантови или други облици, не е толку битно. Во таа смисла сакам да се прифати и процентуалното зголемување на Буџетот за 1999 година во однос на 1998 година.

Инаку потполно се согласувам дека порастот на буџетската потрошувачка контра продуктивно дејствува во однос на развојот на економските текови во секоја држава и дека, особено сега што е актуелно за земјите во транзиција, ако се сака обем на економијата, сигурно треба да се цели со некој порестриктивен Буџет. Меѓутоа, бројните донации, грантови и други видови финансиски поддршки што беа и наменски насочени, не како чисто буџетска потрошувачка, туку беа стриктно со одредена намена во вид на социјална поддршка на бегалците, во вид на санирање на состојбите нарушени во образованието, во здравството итн., се фактор број еден кој што придонесе за една вака позголемена буџетска потрошувачка во 1999 година.

Втор момент околу кој се продискутира верувам добронамерно е спомнатото, наводно големо салдо на буџетските средства, на буџетските сметки и особено од аспект на имобилизираноста на таквите парични средства во однос на нивно изземање од функцијата на паричните средства особено од развојната функција, кредитната функција, бидејќи тие се испумпани од кредитниот потенцијал на банките.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:** (Продолжение)

Сепак, во оваа смисла начелно да потсетам дека се работи за малку понагласени салда на буџетската сметка, но тоа е состојба во 2000 година, а расправаме за завршна сметка за 1999 година. Ако Министерството за финансии има свои оправдувања за ваквата состојба, тогаш тоа понагласено салдо единствено можеме да го оправдаме и дефакто го правдаме со една претпазливост во однос на ефектите од воведувањето на данокот на додадена вредност, заради кои, според техниката ан пресметка, плаќање и враќање на повеќе платениот данок, сакаше Министерството во себе да има една сигурност, да обезбеди сигурност и кај даночните обврзници, дека се она што преку пресметките ќе го прикажат како право на повраќај на повеќе платениот данок, со брза и ефикасна постапка тоа и да го прави, а не да зависи од евентуалното тенко салдо на буџетските сметки.

Јас сум уверен, сакам и другите да веруваат дека во иднина, откако ќе се стабилизира функционирањето на данокот на додадена вредност, верувам дека вака големи салда нема да бидат присутни.

Исто така, сериозно внимание повлече во дискусијата и прашањето на платените камати за таканаречени неповлечени транши од одредени финансиски поддршки. Јас не би сакал да го димензионирам тој проблем на оваа структура на владеење, ни на претходната, јас верувам објективно гледано дека тој проблем бил присутен и во едната и во другата состојба. Факт е дека е сериозно прашање, за кое мислам на една од претходните седници, дури и беше побарано нешто во вид на материјал односно информација, за да се видат вистинските причини зошто е тоа така. Зашто, кога се проектира финансиска поддршка со одредена намена и таа се добие од одредена финансиска институција, таа експресно не се ефектуира. Причините се различни, верувајте, почнувајќи од административните наши заврзлами, постапки комплицирани, па се до неисполнување на условите од наша страна.

Заради тоа што, секоја кредитна линија налага и исполнување на некои основни услови, дали тоа ќе бидат 30% учество во тој проект од домашни извори итн., пак се во одреден момент ќе се покаже дека, ете, ние не сме спремни и во тоа да успееме, за да го обезбедиме. Но, во секој случај, јас мислам дека ова прашање е на пад да се разрешува преку прилагодување и на постапките на административните, пред се, постапки и една поголема будност при вклучување на аранжманите, за да не

запаѓаме во услови да плаќаме камати на неповлечени транши од одредени финансиски линии. Толку, Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на заменикот министер за финансии, г-динот Јордан Марковски.

Бидејќи никој не бара збор, понатаму, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот по предлогот на завршната сметка.

Дали некој бара збор. (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на завршната сметка го ставам на гласање.

Ги молам пратениците, кои што се надвор од салата да влезат при стапување кон гласање, а овде констатирам дека немаме доволен број на пратеници во салата за да гласаме. Ги молам пратениците да влезат во салата.

Значи, бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на завршна сметка го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

66 пратеници гласаа за, против нема, 1 пратеник се воздржа од гласање.

Констатирам дека Собранието ја донесе завршната сметка на Буџетот на Република Македонија за 1999 година.

Господа пратеници, немојте да ја напуштате салата, имаме гласање по амандмани. Да не ве викам повторно да доаѓате.

Минуваме на точката 2, Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за извршна постапка.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени односно поделени.

Согласно член 98, став 5 од Уставот на Република Македонија, овој Закон се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници.

Отворам општ претрес. Молам, дали некој бара збор?

За збор се јави господинот Стојанкиќ, заменик министер во Министерството за правда. Повелете.

**ЗОРАН СТОЈАНКИЌ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

Јас би дал само кусо образложение во кое би ја напомнал потребата од донесување на Закон за извршна постапка и би ги навел позначајните новини, кои се предлагаат по самиот закон.

Изменување и дополнување на Закон по извршна постапка е наметнато од потребата за рационално, квалитетно и ефикасно решение, кое ќе ја забрза постапката.

Една од најзначајните новини кои се нудат во самиот закон е намалување на редовните правни лекови, кои во досегашниот закон се предвидени како приговори и жалба. Со новиот закон се предвидува, против предлог, против решение донесено врз основа на извршна исправа и имаме жалба, а против решение донесено врз основа на веродостојна исправа, имаме приговор. Против заклучок не е дозволен правен лек, освен ако со закон не е поинаку определено. Ова редуцирање на правни лекови, нема да биде на штета на законитоста и заштита на права на странките.

Втора новина која се предлага е, измена во извршување на недвижности, особено кај договорот за закуп склучен по поднесување на предлог за извршување со продажба на предмети на недвижности, не произведува правно дејство. Во овој дел досега имавме огромни проблеми, бидејќи се склучуваа договори за закуп и по поднесување на предлог за извршување.

Трета новина која се предлага во законот, значи, имаме подобрувања во однос на доставата. Сега, го регулираме во Закон за извршна постапка, бидејќи не можеме да предвидиме кога ќе се направат измените во парнична постапка.

Како четврта измена го внесуваме институтот доказ на изјава и доказен попис.

Потоа, како петта измена, одредби со кој се регулира извршување на акции за кои не е издадена исправа за акциите и извршување за удел на трговско друштво.

Потоа, имаме измена, претпоследна измена, која е позначајна, измена во можните средства за обезбедување. Една од најчесто користените средства е заложно право врз недвижноста. Со оглед на фактот што истиот не е доизграден, се предвидуваат и нови обезбедувања. Ново средство за обезбедување со пренос на сопственоста на предмети и права. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Стојанкиќ за воведните напомени.

За збор се јави г-динот пратеник Жарко Караџовски.

**ЖАРКО КАРАЏОВСКИ:**

Почитуван претседателе, колеги пратеници. Не би сакал да бидам долг во својата дискусија, сакам само накратко да кажам неколку збора, особено би сакал да ја потенцирам важноста од донесување на овој закон. Со оглед на тоа што истиот се носи со двотретинско мнозинство и да апелирам до колегите пратеници да го дадат својот глас за овој закон, како би можеле да го донесеме.

Инаку, по мое мислење јас го сметам овој закон за еден од многу битните закони во реформскиот курс, кој што го зазеде Владата. Како овој закон така и наредниот, кој е на дневен ред, а тој е законот за договор на хипотека, бидејќи многу што од овие закони зависи во поглед на економскиот живот во Македонија. Пред се, во довербата на странските инвеститори, па и на домашните инвеститори во поглед на инвестирањето во Република Македонија. Затоа што една од основните причини, основните проблеми со кои се соочуваат стопанствениците е токму извршувањето на доверителите, односно нивната наплата на долговите.

Исто така, и на самата банкарска политика, како еден од предусловите. Значи, за проблемот со високите камати, проблемот со моменталната кредитна политика од банките. Тоа го слушнавме и синоќа во емисијата од многу искусни од таа сфера е токму не наплатата на долговите и проблемите што се сврзуваат со досегашните законски одредби.

Овој закон во суштина се дели на две категории. Прави измени и прави новини, односно дополнување на законот. Во секој случај, не би сакал да ги повторувам, заменик министерот ги кажа накратко. Измените се во токовите, во правните лекови, за да не ни се случува она што досега ни се случуваше, да имаме парница во парница во самата извршна постапка. Значи, за што побрзо завршување на самата постапка, за да може што побрзо должникот да си го наплати својот долг односно доверителот. Главните новини се во неколку сегменти, а најмногу се во обезбедувањето, односно во постапката за обезбедување на доверителот кај наплатата на своите долгови.

Суштинската новина во која што е имплементирана и во овој закон, а се одразува и во законот за договор на хипотека, е токму она право односно, преносот на правото на сопственост од страна на должникот на доверителот. Или, во следниот закон спогодбената или договорената хипотека. Значи, покрај законска и судска, сега се воведува договорната тоа е една од основните, а второ е можноста што на нотарските исправи, кои што ги составува нотарот, за да не се губи на време да се парничи му се дава можност да станат веродостојна исправа, да имаат извршен наслов, што ќе рече, да можат веднаш да се извршуваат. Значи, во секој случај ваквата регулатива во голема мерка придонесува за забрзување на процесот, бидејќи максималниот рок, за да се завршат сите процеси, како и кај договорната хипотека, зборувам за реализацијата, така и во Законот за извршна постапка е некаде три месеци или 90 дена, значи, повикување на должникот, можноста преку нотар да се продава итн., за да може ако сите тие форми не дадат резултат, после три месеци доверителот се стекнува или со сопственост на објектот односно на имотот кој што го зел во своја сопственост со пренос, значи, може да се стекне со сопственост од една страна, а од друга страна може и да не се стекне во смисла на тоа да може сам да располага како сака, па и да продава. Тоа е онаа значајна новина. Зошто? Затоа што, ако сега го споредиме моменталната состојба како е респектирано во Република Македонија, ние имаме преку 90% од сите поднесени предлози за извршување, да не се наплатени и не реализирани. Тоа е и со судските хипотеки. Тоа е огромен проблем пред кој се соочува секој ден инвеститорот. Кога ќе види секој еден стопанственик дека е огромно тешко, и страшно тешко да се дојде до реализација да не речам дека буквално и никогаш не доаѓа до реализации тој самиот си го поставува прашање дали имало воопшто смисол да се тужи и да се води постапка пред нашите судови. Од таа смисла мислам еве би апелирал и по втор пат добро да размислиме во секој случај ако сакаме да имаме реформи во Република Македонија, а во контекст на ова добиваме едногласно. Кога ќе го гласам овој закон нормално кога ќе обезбедиме двотретинско мнозинство за да врз основа на овие два закони кои што ќе ги изгласаме паралелно со нив одат и другите реформи кои што ги најави министерот за финансии тоа се од областа на банкарските работи, девизните итн., за да во секој случај можеме да привлечеме и инвеститори можеме да ја стимулираме банката политика, а тоа во секој поглед би требало според сите логики на економијата да даде резултат за идниот развој на Република Македонија. Затоа колеги пратеници, еве пак би ве замолил да сите го поддржиме и едногласно го

изгласаме овој закон кога ќе дојде на ред нормално. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на г-динот пратеник Жарко Кралевски и пред да го затворам општиот претрес, бидејќи повеќе немаме пријавени кандидати јас морам да кажам дека навистина се работи, навидум за мали измени. Но, тоа се суштински измени и тоа е во интерес на сите граѓани на Република Македонија, во интерес на зголемувањето на платниот промет и во интерес на заштита на доверителот, кој што засега навистина беше поставен во една многу тешка ситуација. А посебно со тоа и во интерес на јакнењето на правдата и на судството. Тоа се општи начела и општи принципи, околу кој што мислам дека немаме спорови и дека би требало да ги прифатиме, иако велам навидум мислиме дека вршиме мали промени во суштина правиме едно големо отчепување во прометот на стоки, во довербата, воопшто во правниот систем. Пред да ја затворам општата расправа гледам на екранот сака збор и г-динот пратеник Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Благодарам, господине претседател, јас би сакал изразувајќи го своето задоволство за ваквиот предлог закон да кажам дека уставната одредба која инсистира на 2/3 мнозинство треба да ја преиспитаме, барам условно и да согледаме колку е навистина потребна таква поставеност на овој, а не само на тој закон во Уставот. Ние можеби ќе преминеме кој преработка на Уставот или извесни амандмани да се донесат, освен Законот за органите на управата, јас мислам дека и законите од правосудниот домен можат да бидат тука, евентуално само Законот за судови да биде донесувам со 2/3 мнозинство. Тоа е едниот аспект.

Другиот аспект е, критикувајќи ја сегашната пракса при спроведувањето на извршната постапка, не може да се каже дека доволен изговор или алиби претставува недореченоста на постојниот законски текст. Јас сметам дека праксата во Република Македонија изобилува со голем дел од самоволија и од пристрасност. Не можеме да не обележиме итно реагирање на извршните органи или тие што се задолжени за спроведување на судска постапка во поединечни случаи, а друг пат со години истите тие органи да се оглушуваат на оправданото барање свој интерес кај некои од странските кои во судот или во лицето на судот ја добиле правдата. Од тука ние имаме и задача како Парламент тој сегмент да го испитаме и навистина да дадеме оценка, барем наша како ние гледаме на досегашното работење од извршното судство. Мене ми се создава сомнението, дека луѓето кои се задолжени за спроведување на судска одлука, многу лесно исфрлаат на улица семејства, дури и со мали деца и потоа не се води сметка што со тие луѓе, а од друга страна кога станува збор за наплата на побарувања фирма кон фирма, извесни органи не настапуваат.

Јас би сакал на ова да укажам и се надевам дека тоа ќе го задирне интересот на претставничкиот дом и овие теми не ќе бидат табулизирани и не ќе има потреба да помине целиот наш мандат.

Секако, овој закон ќе го поддржам и им благодарам на сите за вниманието.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам за учество во расправата на господинот Јордан Бошков.

За збор се јави господинот потпретседател Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Немав намера да говорам од потребата за донесување на овој закон, затоа што потребата е утврдена, има потреба да се донесе, треба да се измени начинот на извршување на готовите, односно извршните пресуди без оглед дали се на суд или други решенија кои претставуваат извршна постапка или извршна основа. Меѓутоа, мене ме засегна посебно излагањето на колегата Бошков, кој не прави разлика помеѓу извршна постапка и социјална потреба.

Ако го прифатиме ставот на Бошков, луѓето ќе одат ќе прават бесправност, ќе заземаат туѓа имовина и веднаш ако дојде тој чија е имовината да си го оствари своето право, ќе треба тој да си обезбеди бесправно право. Колегата говори за станбениот основ. Ако има семејства кој се без стан, што не е спорно дека го има во РМ, што и посебна грижа треба да биде за државата, тоа е основна социјална политика и државата за кој систем и основа на граѓаните, така да кажам, бездомници, да им обезбеди основ односно право или можност да користат стан во предвидена постапка, а не со заземање на туѓа имовина.

Јас ги молам посебно луѓето кои имаат вака постапено да сфатат дека тие го нарушиле туѓото право, дали е тоа на

поединец, дали е тоа на правно или физичко лице, дали е тоа на држава или друг нејзин орган, се е во прашање бесправност. Да не гајат луѓето некои незаконски мотив и да бидат лошо мотивирани дека тоа може да се направи и да дојдат до стан или друго право дека тоа може бесправно да се направи.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на потпретседателот Томислав Стојановски.

Излагањето на господинот Бошков имаше два дела. Првиот дел е навистина сериозно треба да размислиме како Собрание, или јас како претседател на Комисијата за уставни прашања околу комплексот на законите кои што се посветени на извршната постапка или воопшто на постапката. Тие се покренати на едно многу високо ниво и за нив е потребно сегаш 2/3 мнозинство. Замислете, во прекршочната постапка ако сакате да промените било се, а динамична е материјата, динамичен е животот, ќе треба да имаме 2/3 мнозинство, како да менуваме Устав. Тука мислам дека веќе е созреано, јас тие сигнали ги имам од судството и можеби судството ќе биде еден од иницијаторите за да се промени Уставот во овој дел, во делот за постапките. Да видите како ние можеме да го стопираме тој процес, затоа што не нема 81 овде за да гласаме. И воопшто, не е само оваа постапка, целиот комплекс на постапки утврден во Уставот е покренат на ниво на квалификувано мнозинство, со кое што може да се изменат тие постапки. Таму каде животот е најдинамичен и каде животот бара многу чести промени. Но, тоа е веќе друго прашање, ние го имаме тој Устав каков што е, треба да го почитуваме и така треба да се однесуваме.

Господинот Јордан Бошков веројатно сака реплика.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Јас не мислам да реплицирам, едноставно сакам да укажам на тоа дека многу добро разликувам меѓу законитост и социјално прашање, но проблемот е тоа што голото спроведување на закон, во конкретниот случај и тоа само примена на законот кај одделни ситуации или случаи води за жал и во нечовечност, а идејата на човечката заедница е таа да опстане. Тука не можеме секогаш да бараме изговор во тоа дека правото или законите биле децидни. Човештината останува таква.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Сигурно дека државата има и други инструменти, социјални програми, тоа прашање да го реши. Мислам дека тоа излегува надвор од прашањето за кое денес расправаме.

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по Предлогот на законот и ги молам сите пратеници да влезат во салата, бидејќи ќе се гласа по амандмани и е потребно да имаме мнозинство присутни пратеници во салата.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандман на член 6 став 1, член 11, член 16 став 3....

Ги молам пратениците да бидат присутни во салата, бидејќи немаме кворум за работа.

Ве молам бидете трпеливи и влезете во салата за да не ја прекинувам седницата. Ова е крајно непродуктивно.

Во овој момент имаме само 60 пратеници.

Ги молам пратениците што се во зградата да влезат во салата.

Ова е несериозно и ќе мора да размислиме. Ако сметате дека треба да се распуштиме, да се распуштиме, па да знае народот дека сме распуштени, а не наводно присутни.

(Во салата влегуваат пратеници).

Значи, ЗПК поднесе амандман на член 6 став 1, член 11, член 16 став 3, член 19 став 4 и член 21, за додавање воведна реченица на ставот 3 по ставот 2 и на член 39 и за додавање воведна реченица на ставот 3 по ставот 2 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Томислав Стојановски поднесе амандман на член 1 во новиот член 5-а став 4 и за бришење на став 5, на член 2 за бришење на став 3, член 6 и за додавање нов став во член 6, член 2 за бришење на став 3, став 3 став 6 и за додавање нов став по ставот 6 и на член 10 во новиот член 28-а став 8, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Љупчо Анушев, Трајко Гешовски, Никола Јованов, Томислав Петровски, Илија Прангоски и Павле Тодоровски, поднесоа амандман на член 10 став 8 за бришење на членовите 33, 34, 35, 36, 37, 38 и 39, на член 40 и на член 42 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1 по новиот член 5-а став 4 и за бришење на став 5 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЗОРАН СТОЈАНКИЌ:**

Се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 2 за бришење на став 3 став 6 и за додавање нов став по ставот 6 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЗОРАН СТОЈАНКИЌ:**

Се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 1, поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЗОРАН СТОЈАНКИЌ:**

Се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 10 во новиот член 28-а став 8 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЗОРАН СТОЈАНКИЌ:**

Се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 11 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЗОРАН СТОЈАНКИЌ:**

Се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 16 став 3 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЗОРАН СТОЈАНКИЌ:**

Се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 19 став 4 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЗОРАН СТОЈАНКИЌ:**

Се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 21 и за додавање на уводна реченица на ставот 3 по ставот 2 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЗОРАН СТОЈАНКИЌ:**

Се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 39 и за додавање уводна реченица на ставот 3 по ставот 2 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЗОРАН СТОЈАНКИЌ:**

Се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 10 став 8 поднесен од пратениците Љупчо Анушев, Трајко Гешовски, Никола Јованов, Томислав Петровски, Илија Прангоски и Павле Тодоровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЗОРАН СТОЈАНКИЌ:**

Се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за бришење на членовите 33, 34, 35, 36, 37, 38 и 39, поднесен од пратениците Љупчо Анушев, Трајко Гешовски, Никола Јованов, Томислав Петровски, Илија Прангоски и Павле Тодоровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЗОРАН СТОЈАНКИЌ:**

Се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 40 поднесен од пратениците Љупчо Анушев, Трајко Гешовски, Никола Јованов, Томислав Петровски, Илија Прангоски и Павле Тодоровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЗОРАН СТОЈАНКИЌ:**

Се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 42 поднесен од пратениците

Љупчо Анушев, Трајко Гешовски, Никола Јованов, Томислав Петровски, Илија Прангоски и Павле Тодоровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЗОРАН СТОЈАНКИЌ:**

Се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на законот.

Дами и господа пратеници, гласањето на овој закон ќе го одложиме, бидејќи согласно член 98 став 5 од Уставот на РМ овој закон се донесува со 2/3 гласови од вкупниот број пратеници. Верувам дека на утрешната седница, или евентуално на седница кога ќе го обезбедиме тоа мнозинство ќе пристапиме исклучиво само на гласањето во целина.

Минуваме на точката 3 - Предлог на закон за договорна хипотека.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес. Молам, кој бара збор.

За збор се јави господинот пратеник Горанчо Трајков.

**ГОРАНЧО ТРАЈКОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Влада, колеги пратеници, во контекст на дискусијата по првата точка би сакал да го појаснам значењето на донесувањето на овој закон во секторот за банкарство и кредити во РМ.

Прво, ако направиме една ретроспектива на она што во минатото значеше добивање на кредити дали за претпријатија или за физички лица ќе заклучиме како функционираше. Сега пред се би сакал да кажам дека не мислев на периодот на владеењето на СДСМ, мислам на периодот од малку порано, што значи и на периодот од бившиот систем. И јас за жал сум млад и не можев да ги почувствувам овие благодети од добивањето на тие кредити, повозрасните секако и поубаво и подетално би можеле за сето ова да не информираат. Меѓутоа, што се случува понатаму.

После осамостојувањето на РМ се случуваат суштествени општествени промени во државата. Суштествени општествени промени велам, бидејќи од договорна социјалистичка економија требаше да преминеме и фактички со Уставот преминавме во класична капиталистичка пазарна економија. Значи, имаме сосема друг начин и на размислување и на работење, особено во делот на економијата во нашата држава.

По осамостојувањето се случуваат многу проблеми во РМ, па го имаме оној дел каде пропаѓаат девизните заштеди на голем дел од нашите граѓани, имаме распад на голем дел од стопанските субјекти, огромни долгови, формирање на агенција за санација на банките итн., што доведе речиси до банкрот на банките во РМ. Меѓутоа, јас би сакал да напоменам во делот на законодавството и промените кои што се случија во законодавството, бидејќи имаме промена од една во друга економија, меѓутоа, што се случуваше во законодавството и што е всушност хипотека и што всушност таа значи во делот на кредитирање во една нормално развиена држава.

Значи, хипотека е гаранција дека земените пари, (кредит) ќе бидат вратени под договорените услови. Што имавме досега? Колку што јас сум информирам мислам дека и колегата Караџовски нешто спомна конкретно во бројки, дека реализацијата на хипотеките беше или никаква или сосема мала и ако евентуално некој има подруги податоци отколку што јас сега ќе говорам, слободно нека излезе и нека ме демантира, меѓутоа, делот за хипотеки во РМ може да се каже дека не функционираше и банките пред се не беа во ниеден дел заштитени и нивните пари што ќе бидат дадени на одредени физички или правни лица ќе им бидат вратени. Од таму доаѓаме до бројка од 40-тина посто лоши пласмани, или со други зборови преведено дадени пари во неповрат.

**ГОРАНЧО ТРАЈКОВ:** (Продолжени)

Што значи дадени пари и истите да не можат да бидат вратени на давателот на парите. Сега кога би продискутирале за она што значи хипотека во едно нормално развиено пазарно стопанство. Претходно не случајно го спомнав начинот на функционирање на кредитите на бившиот систем, значеше да се генерира една

генерално земено мисла и размисла на оние кои што имаат хипотеки, кога одеше во два правци. Едниот правец беше, или да земам пари, па истите да не бидат вратени назад, а при тоа мене како зaмател на пари, ништо да не ми фали. И втората работа, која што владееше беше, да дадам еден пример, да речеме да земеш пола на кредит и по година, или две да вратиш пари колку што чини кутија цигари. Тоа се случуваше и беше пак во РМ. Со преминот во новиот систем, или во пазарно стопанство ова е веќе отфрлено и овде мора јасно да проговориме дека доколку земеш пари, истите мора да бидат вратени. Овде нема отстапка. Бидејќи и по дефиниција било кој бизнис е свесно прифатен ризик. Така што оној што ќе земе пари, истите ќе мора да ги врати. И токму овде во отсуство на еден таков закон кој што е база за функционирање на овој сектор се случува сето она што ни се случува и што претходно дискутиравме и реплициравме со г-динот Бузлевски во кој што јас тврдев дека системот кај нас нечини и сеуште тврдам дека системот нечини. Меѓутоа, за среќа оваа Влада нуди решенија со кои што сето ова ќе биде отстрането. Сега со новиот закон за хипотеки, со неговото усвојување веќе ќе имаме строго дефинирани правила во кои што ќе се знае точно што е хипотека, како таа хипотека се извршува и ќе имаме одредена гаранција на банките за земање на нивните средства назад. Секако дека проблемот на инерција и она што се случуваше порано ќе има одреден период на адаптација, меѓутоа после тоа јас можам слободно и лично да гарантирам, верувам дека и Владата ќе гарантира дека после одреден период целиот овој систем на кредитирање во РМ ќе застане на здрави нозе. Јас сум убеден и гарантирам дека во РМ во моментот има илјадници луѓе што би сакале да земат кредити, кои што имаат хипотеки, кои што имаат и доволно храброст да ги преземат сите тие услови, меѓутоа кои не можат да добијат кредити од разно, разни причини. Со разработувањето на овој концепт кој што е веќе класично пазарен, сметам дека сето она што сега се јавува како обвинување дека имаме партизирани директори на банки, или луѓе што можат и не можат да вратат пари ќе биде елиминирано. Така што секој оној без разлика на партиска припадност, или по свое лично убедување ќе може да земе кредит, доколку има добра програма, доколку е свесен за ризикот што го презема и нормално да очекуваме дека ќе имаме прогрес во овој дел и дека нема да имаме заробени средства во банките не по кривица на Владата, овде Владата е најмалку крива. Верувам дека и банките не се толку многу криви, меѓутоа системот во кој што моментално работиме и Владата и банките навистина е виновен системот. Еве веќе имаме еден закон за извршна постапка кој што е само уште за гласање, верувам дека и овој ќе дојде до таа фаза денеска ќе ги изгласаме и ќе направиме една сосема солидна основа за да сето ова функционира најнормално т.е. да функционира онака како што функционира секаде во развиениот свет.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Горанчо Трајков.

За збор се јави г-динот пратеник Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги пратеници, ние дискутираме цело време и Законот за хипотека е добар, но барам одговор од министерот, дали ова ќе значи од денеска, или од кога ќе го изгласаме ова за новите хипотеки, или за старите хипотеки, кои од бившата власт наметнати се и доведоа до пропаст на РМ, на државните стопански објекти, кои пропаднаа од 100 илјади германски марки па дојдоа до 50 милиони марки со камати на камати. Дали ќе бидат ослободени тие општествени фабрики кои во РМ се затворени и тие фабрики сега станаа сопственост на банките, а вработените се дома и се стечајни работници. На пр. ако беше долгот 100 илјади германски марки, долгот дојде до 50 милиони марки на големите фабрики, значи камата на камата и на крај фабриките се затворија. Со тоа сакам да кажам, дали каматите кои се ставени треба овој Парламент, Владата, Министерството ќе донесе една одлука за тие камати, затоа што сакаме на граѓаните во РМ да им помогнеме, сакаме да го вработиме народот, а не знаеме како. Јас предлагам сите општествени фабрики, сите банки кои побаруваат одкако почнале со хипотека и со кои камати на сегашни камати да ги сведеме, како сега да се задолжени по хипотеките така што да им овозможиме на граѓаните во РМ да се вратат на работа, машините да почнат да работат, производството да работи, граѓаните да можат да примаат плата и да можат да ги одржуваат своите семејства и да не бидат социјален проблем на РМ.

Второ, има многу заинтересирани за вакви фабрики кои сакаат да ги откупат, а каматите на банките се надуени. Тоа се

такви надуени камати што немаат крај. А тоа се најмалку 50 илјади, или 40 илјади вработувања кои јас ги знам во РМ. Тие 40 илјади вработувања, тоа се 150 илјади жители во РМ. Значи треба да се намалат каматите, да се донесе во првобитна состојба и камати да се стават од сега нормални камати и хипотеки. Мислам дека министерот на ова ќе одговори. Има многу заинтересирани граѓани на РМ, странски вложувања кои би влегле во тие фабрики и да вработат по 1000, 2000, 3000 вработени, зависи која фабрика како, но кога ја гледаат проценката од Агенцијата за приватизација колкава е проценката, проценката на фабриката е 1 милион марки, а банката побарува 30 милиони марки и нормално секој од нив се откажува од тие фабрики. Со тоа ние го унакажавме стопанството на РМ и економијата. За тоа мислам дека оваа Влада, овој Парламент би требало на РМ, на граѓаните во РМ со овој закон за да ако сака некој да преземе некоја фабрика на тие банки сторно да им се стави на побарување, а да се овозможи да се дадат тие фабрики на тие што сакаат да ги вработат граѓаните, да им се овозможи тие фабрики да работат и граѓаните да земаат добар личен доход, за да можат да си ги исхранат своите семејства. Значи да се дадат под наем фабриките кој ќе сака да ги преземе, а тие долгови што ги бараат банките нека останат на страна на сторно и нека бараат кога ќе дојде СДСМ на власт нека им ги даде тие камати. Затоа што банките, тие се направени од тогаш, натурени за да можат да ги преземат. Мислам дека ќе добијам одговор од министерот. Тоа е добробит на народот на РМ. Со тоа сите граѓани на РМ ќе бидат задоволни. Јас мислам дека граѓаните ќе се вратат и ќе ја исчистат прашината од машините и ќе почнат да работат.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Амди Бајрам.

Има збор г-динот пратеник Жарко Караџоски.

**ЖАРКО КАРАЏОСКИ:**

Почитуван претседателе, колеги пратеници, со оглед на тоа што немавме уводно излагање од заменик министерот, за потреба на јавноста и за некои колеги пратеници овде кои што ги мешаат поимите, би сакал само на кратко да ја запознам јавноста што нуди овој закон.

Во суштина со овој закон не се измислува поимот хипотека. Овој закон само нуди една нова форма, тоа е договорната хипотека. Инаку и досегашните закони, Законот за сопствено правните односи и за извршна постапка познаваат поим на хипотека.

Значи, судска. Значи оваа новина е само договорната хипотека. Меѓутоа што е суштината на овој закон. Суштината е што со договорната хипотека значи една од значајните новини, а тоа се околу три новини така позначајни е тоа што, со договорната хипотека се предвидува можност договорот за хипотека да се здобие со извршна исправа. А што тоа би значело? Значи со давањето на една ваква можност ако дојде до евентуално неисполнување на договорната обврска, значи на примерниот договор веднаш се пристапува кон реализирање на хипотеката и таа е битната новина. Затоа што во праксата сега знаевме како тешко се вршеше реализација на хипотеката. Овој закон токму тоа го нуди. А инаку во пракса најчеста форма на склучување на хипотеки е токму преку договорот. Но, досега не беше регулирано.

Втората новина е тоа што на хипотекарниот доверител му се нуди можност да стане сопственик на недвижноста во фаза на реализацијата на хипотеката.

И третата најкрупна новина е во фазата токму на реализација на хипотеката каде што со подсредство со нотарот, значи преку нотарот хипотекарниот доверител има можност и самиот да врши продажба на заложната недвижност. Значи овие се трите крупни новини и тоа да напоменам продажбата на хипотекарниот имот се врши најдоцна за три месеци. Овие се три крупни новини кои во основа го менуваат досегашниот начин на склучување на хипотеки. Инаку самиот закон не е којзнае колку обемен, но суштината е токму во овие делови. И затоа мислам дека од сето она што досега се дискутираше токму овие новини ќе придонесат во рамките на подобрување на економската состојба.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За реплика се јави г-динот Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Јас мислам дека бев многу јасен и дециден. Јас се извинувам на мојот колега пратеник, можеби погрешно ме сфатил, но јас не зборував за сегашните хипотеки. Јас зборував за тие хипотеки кои се ставени и затворени фабриките. Што ќе биде со нив? Мене тоа ми беше целта. Значи за добробит на РМ. Значи да ги отвориме оние кои се, фактички кои не можат и да вложат и да

вработат и затворени се. Околу тоа. А инаку околу новото, јас не дискутирам околу тоа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали ќе има ретроактивно дејство овој закон, во однос и на останатите хипотеки.

За збор се јави г-динот пратеник Александар Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Г-дине претседателе, претставници на Владата, мислам почитуваниот колега Караџоски ја кажа целата суштина на овој закон. И тука би требало да се водат расправите и затоа во таа смисла јас би сакал и пратеничката група на СДСМ да го поддржи овој закон. Пратеничката група на СДСМ ќе го поддржи овој закон од една причина, што сега со овој закон се воведува, имено прв пат во нашето позитивно законодавство ние воведуваме "лек специјалис" закон или специјален закон за договорната хипотека кој и досега постоеше и кажа колегата Караџовски во основа, во Законите за основните сопственичко правни односи и Законот за извршната постапка. Но, ваквото воведување на договорната хипотека, за разлика од другите хипотеки судската и законската хипотека, е добро и сигурно ќе доведе до реализација на остваруваните деловни договори и зделки, особено кај банките, во заштита на доверителите и во извесна смисла подобрување на обврската и на должниците. Затоа сметам дека овој закон треба да се поддржи.

Со овој закон сигурно ќе дојде до подобрување на функционирање на банкарскиот систем. Во извесна смисла банките ќе можат по благовремено, посигурно да ги наплаќаат хипотеките, особено договорните хипотеки, а и договорната хипотека ќе влезе како едно доминантно средство, за разлика од другите хипотеки. Сметам дека со воведувањето на договорната хипотека како доминантно средство за обезбедување на доверителите од страна на должниците, ќе доведе до намалување на каматната стапка на кредитите во РМ. Тоа е основното и битното во овој Закон за договорна хипотека. Се друго што беше кажувано е без предметно, а новините кои се воведуваат, а кои ги кажа колегата Караџоски, што не би сакал да ги повторувам, се многу важни, бидејќи доведуваат до ефикасност во извршувањето. Извршувањето на постапката, особено делот на хипотеката се здобива со својство од договорната хипотека, на извршна исправа. Ги нема оние претходни лутања по судови, поднесоци, жалби, па притужби, па врховен суд. Тоа е основното и најбитното во членот 7 од овој Закон. Има уште две битни институции. Сигурно и во секој случај ова што го зборуваме ќе придонесе за ефектуирање на наплатата, што е една од најголемите болки во функционирање и на банкарскиот систем и на другите должничко -доверителни односи, особено е делот на овозможувањето, по истекувањето на рокот за доброволното исполнување на примарната обврска, хипотекарниот доверител да стане сопственик на заложената недвижност и тоа во фаза на реализација на хипотеката. Голема новина е, го познаваат одредени законодавства во Европа и во Светот, без разлика дали е англосаксонското или континенталното право. Ние ги преземаме во овој дел, ги надградуваме врз основа на досегашниот наш систем. И особено многу е важно, пак ќе потенцирам, што зборуваше и колегата, тоа е голема новина каде што со подсредство на нотарот, хипотекарниот доверител има можност и самиот да врши продажба на заложената недвижност. Значи, досега доколку се чекаше, од страна на судот се приведуваа, па не е тука, па...

Сето ова би било во ред, но ние треба да бидеме свесни, и пратениците и граѓаните на РМ дека длабоко завлегуваме во еден друг систем, систем на гарантирање на сопственоста. Во поранешниот систем не беше проблем хипотеката и реализацијата. Проблем беше тоа што беше во нашата свест дека станот не може да му се даде на лицитација па не учествува итн. и тоа тешко одеше. Сега секој оној што сака да земе кредит, кој има свој имот, кога ќе го заложи, ризикот да не оствари добивка и ризикот да го изгуби тој имот е 50 со 50%. Благодарам.

Ќе го поддржиме овој закон.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Александар Гештаковски.

За збор се јавува г-динот Данило Глигоровски.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Влада, колеги пратеници, со задоволство можам да констатирам дека на некој начин постои консензус по однос на овие прашања помеѓу сите политички партии во Македонскиот Парламент и во таа смисла јас го поддржувам овој закон.

Би сакал, можеби со поинакви зборови, претходните пратеници неколку пати веќе спомнаа една одредена работа, која се очекува како последица на овој

закон, а таа последица е, се очекува банките конечно да почнат да даваат кредити, кои ќе имаат некоја разумна каматна стапка, а не кредити со 20 или 30%, кои просто го уништуваат оној што го земал кредитот. Во смисла, на тоа сакам да додадам една работа за која деновиве сме сведоци.

Деновиве сме сведоци, еве, стечајниот управник на ТАТ го пратил, па не го пратил брокерот, ќе ја купат, нема да ја купат свиларата итн. Да беше изгласан ваков закон пред неколку години, мислам дека воопшто немаше да се доведеме во ситуација, некои работи што се случија во РМ, по однос, да речеме од платниот систем, штедните влогови заложени фабрики итн.

Значи очекуваме овој закон, заедно со претходниот да си го даде резултатот и овој закон, без разлика на политичките залагања, на една или друга партија, мислам дека е добро што сите политички партии на некој начин си има видување дека ќе го поддржат.

Со задоволство го слушнав господинот Гештаковски дека овој закон би го поддржале, а не слушнавме за претходниот закон. Претходниот закон можеби е поважниот. Значи доколку имаме определеност би требало овие два закони да ги донесеме со консензуално партиско определување во Македонскиот Парламент.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Данило Глигоровски.

Навистина овие два закони одат во пакет. Ако не го донесеме претходниот закон, не вреди да се донесе овој закон. Тие меѓу себе се поврзани. И затоа и за овој закон денес нема да се гласа. Ќе стане неспроведлив законот во живот ако претходно не се усвојат измените и дополнувањата на Законот за извршна постапка. Затоа можеби ќе ја завршиме расправата и по овој закон и ќе дојдеме до чинот на гласање, а кога ќе се создадат услови да се гласа за претходниот закон, тогаш ќе го гласаме и овој закон.

За збор се јави господинот пратеник Ѓорѓи Котевски.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, за разлика од другите што немаа намера да се јават јас намерно се јавувам.

Покрај тоа што, по овие два закони имаме консензус во Собранието и консензус, мислам, од правниците во Македонија, треба да водиме смета и за еден друг закон во РМ, Законот за употреба на македонскиот јазик.

И во самата комисија кога ги разгледувавме овие закони и оние наредни што треба да дојдат, што се преземени од поранешна СФРЈ и сега се носат како наши закони, предлагав дека треба да имаме одреден договор или консензус околу тоа прашање.

Ако овие закони, да речеме Закон за договорна хипотека се става англискиот збор, или меѓународен збор, прашувам дали имаме македонски збор кој треба да се употреби напред, а во заграда да се стави англискиот на пример Закон за договорна заложност, бидејќи хипотеката станува заложување, на нива, стан, куќа итн. Тоа се со цел, а тука бара мислење и од претседателот на Собранието на РМ д-р Саво Климовски, кој е редовен професор на Правниот факултет, затоа што најголем дел преку правната регулатива, преку носењето на многу закони ни се протнаа англиски или било какви мутантни зборови и сега ние имаме една голема небулоза во јазикот. Навистина треба да водиме сметка за чистотата на јазикот. Ако веќе правиме било каква унификација, како што е да речеме во здравството со латинските изговори на коските на деловите од телот итн., или да речеме во ботаниката, тогаш дајте да видиме што е оваа работа. Не можеме да употребуваме одреден поим македонски, а друг да го земеме турски како на пример пишман, или што е тоа цесија или нотар. Нотар е заверувач. Она што го правевме во судот заверување, сега го крстивме со нотар. И тоа ни се протна во јазикот и дури и во речникот на македонски јазик. Навистина треба да водиме сметка за чистотата на јазикот, затоа што по 50 години кога ќе се вратиме, ако бидеме живи, во овој Парламент, кога ќе читаме закони нема воопшто да ни бидат познати. Ова е многу сериозно прашање, затоа што ние од оваа дистанца на времето апсолутно не водиме сметка што ќе се случи по 50 години. Тогаш ќе имаме јазик половина англиски, латински, француски, бидејќи англискиот 50% е земен од латинскиот и францускиот, па ќе биде чудо. Затоа треба да водиме сметка. Затоа барав и околу усогласувањето на предлагачите на законите, исто така од лекторските служби во Собранието, еве сега го повикувам и претседателот на Собранието, навистина треба да имаме јасен став околу овие поими и околу носењето на овие закони.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Иако овој закон му беше само повод на господинот Котевски, прашањето е навистина суштествено. Мислам дека во секое министерство ќе треба да има лектор и законите овде да ни ги испраќаат лекторирани. А исто така би препорачал и самото Собрание да има лектор, кој ќе ги усогласи овие туѓи термини со термините во македонскиот јазик. А јас ја прифаќам сугестијата на господинот Котевски да ги доживеам тие уште 50 години, па да си го прочитам овој закон после 50 години.

Реплика за господинот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Се надевам нема да се сфати погрешно. Меѓутоа кога господинот Котевски ќе размисли, за партијата во која членува која се вика ВМРО-ДПМНЕ, или поинаку Внатрешна македонска револуционерна организација, Демократска партија за македонско национално единство, од деветте зборови само внатрешна и единство се македонски зборови. Сите други се латински.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Реплика за господинот Ѓорѓи Котевски.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Не сакам да се спорам со господинот Поповски, но навистина, ние сакале или не сакале го употребуваме, затоа што тоа веќе се одомаќинува во нашиот јазик. И јас само, само ако сакате ги побудувам и сите новинари, или оние институции во РМ, нека направат анкета, да прашаат што значи цесија, што значи хипотека или некои други изрази, ќе видите колку од населението од РМ знае што значат овие поими, освен на некои адвокати. Таму каде што немаме соодветна замена како што е зборот компјутер, ќе го употребиме, не е ништо тешко. Но, таму каде имаме соодветна замена ќе си го ставиме нашиот убав македонски збор.

(Со седницата продолжи да раководи Томислав Стојановски, потпретседателот на Собранието).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За збор се јавува пратеникот Аслан Селмани.

**АСЛАН СЕЛМАНИ:**

Почитуван потпретседателе, околу законот за кој денес разговараме, колку јас го разбрав, сметам дека има една огромна стратешка фалинка од причина што руралните општини не се во состојба да преземат чекори за процесите на трансформирање на стопанските активности во одредени структури, особено оние рурални општините, како што е примерот со општината Липково и другите општински подрачја во РМ, од причина што со овој закон општинските подрачја кои што имаат такви карактеристики и специфичности не се во состојба да преземаат чекори за да се здобијат со кредитот од наведените односно од односните банки, за што тука беше и говорено. Во тој правец сметам дека во Законот треба да влезе и една посебна алинеја во која би се укажувало на тоа дека и селските населби во руралните општини, како хипотеки можат да го дадат својот имот, куќа, нива и друго, затоа што често пати се браниме со фактот дека руралните населби не се урбанизирани, па во крајниот случај тие рурални општини не се криви. Крива е за тоа државата, која за 50 години не успеа да ги урбанизира тие подрачја. Меѓутоа, и натаму ќе останат неразвиени доколку го прифаќаме ваквиот закон. Сметам дека треба да собереме сили и селските населби во руралните подрачја како хипотека да можат да ги дадат нивните имоти, затоа што само на тој начин сметаме дека тие подрачја можат економски да се трансформираат и развиваат. Доколку тој проблем не влезе во односниот закон, јас ќе гласам против законот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Не треба да правам коментар, меѓутоа односот за залогот односно хипотеката ќе се реши со Законот за катастарот односно Геодетската управа каде сега се издаваат имотни листови, не поседовни листови. Така и овој имот ќе може да биде предмет на залогот.

Бидејќи не гледам дека некој друг се јавува за збор, го заклучувам општиот претрес-

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 1, член 8 алинеја 1, член 22 став 4, и на член 22 став 4 и на член 27 став 1 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Борисав Трповски, поднесе амандмани на член 6 став 1, член 18, член 29 за менување на став 2, член 45 став 2, и за менување на ставот 3 со нов став, член 47, за додавање нов став 3, по ставот 2, член 48 став 1 и 2 и на член 53 и за бришење на ставот 2, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Љупчо Анушев, Трајко Гешовски, Никола Јованов, Томислав Петровски, Илија Пранговски и Павле Тодоровски, поднесоа амандман на членот 7 за менување на став 1, член 20 став 2 и за менување на член 54, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1 поднесен од Законодавно -правната комисија.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЗОРАН СТОЈАНКИЌ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Бидејќи амандманот се прифаќа, истиот станува составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 1, поднесени од пратеникот Борислав Трповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЗОРАН СТОЈАНКИЌ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Бидејќи амандманот не се прифаќа треба да се гласа.

Бидејќи сме на работ на кворумот ги молам пратениците да влезат во салата.

Бидејќи имаме мнозинство на пратеници во салата, амандманот го ставам на гласање. Молам, да гласаме.

Колеги пратеници, и фактички броени сме повеќе од 60, 64, нема смисла сами на себе да си нанесуваме штета.

Ќе одиме на фактот, пак да немаме недоразбирање. Уставот е јасен. 64 пратеници имаме во салата.

Со оглед на резултатите од гласањето, 20 пратеници гласаа за, против 32 и 6 воздржани, амандманот не е прифатен.

Констатирам дека Амандманот не е прифатен.

Отворам претрес по Амандманот на член 8, алинеја 1 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЗОРАН СТОЈАНКИЌ:**

Се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Со оглед дека амандманот е прифатен, истиот претставува составен дел на Предлогот од законот.

Отворам претрес по Амандман на член 18, поднесен од пратеникот Борислав Трповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЗОРАН СТОЈАНКИЌ:**

Не се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Со оглед што амандманот не се прифати од претставникот на Владата истиот го ставам на гласање. Молам да гласаме.

Амандманот не доби поддршка, бидејќи за него гласаа од 66 присутни пратеници, само 18 пратеници.

Отворам претрес по Амандманот на член 22 , став 4, поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЗОРАН СТОЈАНКИЌ:**

Се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека Амандманот е составен дел на предложениот текст по законот.

Отворам претрес по Амандманот на член 27, став 1, поднесен од ЗПК.

**ЗОРАН СТОЈАНКИЌ:**

Се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

И овој амандман е составен дел од предложениот текст на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 29, за менување на став 2, поднесен од пратеникот Борислав Трповски.

**ЗОРАН СТОЈАНКИЌ:**

Не се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Со оглед што претставникот на Владата не го прифати амандманот, истиот го ставам на гласање. Молам, да гласаме.

Амандманот не доби мнозинство.

Констатирам дека истиот не е прифатен.

Отворам претрес по амандманот на член 45 став 2, за менување на ставот 3 со нов став 3, поднесен од пратеникот Борислав Трповски.

Процедурално за збор се јави Наќе Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Потпретседателе, до вас е заменикот секретар на Собранието. Сега, додуша дојде, можеби не е концентриран човекот сеуште, но вие не сте и мислев дека

ќе забележите деловничката слабост која ја покажувате во водењето на седницата. Не давате право да се отвори расправа по амандманите, туку директно одите на гласање. Ве молам, придржувајте се до Деловникот. Ова го правите по трет пат со амандмани што не ги прифаќа Владата, предлагачот на законот, тие се изјаснуваат дека не ги прифаќаат, вие треба да отворите, да понудите расправа за амандманот. По трет амандман, тоа не го правите. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Интервенцијата се прифаќа, меѓутоа, јас навистина не соопштив, но ниту некој се јави овдека да бара збор.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Отворам претрес по амандман на член 45 став 2 и за менување на став 3 со нов став 3, поднесен од пратеникот Борислав Трповски.

**ЗОРАН СТОЈАНКИЌ:**

Не се прифаќа, а образложениeто е следното.

Пратеникот предлага нотар да определува цена.

Мислам дека тоа не можеме да го дозволиме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Молам, дали некој бара збор по овој амандман? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање. Молам, да гласаме.

Гласале 68 пратеници, 22 гласале за, 7 пратеници се воздржале од гласање, 39 гласале против.

Констатирам дека амандманот не го доби потребното мнозинство.

Отворам претрес по амандман на член 47, за додавање на нов став 3 по став 2, поднесен од пратеникот Борислав Трповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЗОРАН СТОЈАНКИЌ:**

Не се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Бидејќи амандманот не се прифаќа, отворам претрес по истиот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање. Молам, да гласаме.

Гласале 64 пратеници, 5 воздржани, 40 пратеници гласале против и 19 гласале за.

Констатирам дека амандманот не го доби потребното мнозинство и истиот не е прифатен.

Отворам претрес по амандманот на член 48, став 1 и 2 поднесен од пратеникот Борислав Трповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЗОРАН СТОЈАНКИЌ:**

Не се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Со оглед што амандманот не е прифатен, отворам претрес по истиот.

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање. Молам да гласаме.

Од присутни 68, амандманот доби поддршка само од 14 пратеници.

Значи, го нема потребното мнозинство и констатирам дека истиот не е прифатен.

Отворам претрес по амандманот на член 53 и за бришење на ставот 2, поднесен од пратеникот Борислав Трповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЗОРАН СТОЈАНКИЌ:**

Не се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Со оглед дека амандманот не е прифатен, отворам претрес по истиот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор амандманот го ставам на гласање. Молам да гласаме.

Гласале вкупно 61, амандманот доби поддршка од 15 пратеници.

Констатирам дека истиот не доби мнозинство.

Отворам претрес по амандманот на член 7 за изменување на став 1, поднесен од пратениците Љупчо Анушев, Трајко Гешовски, Никоја Јованов, Томислав Петровски, Илија Пранговски и Павле Тодоров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по предложениот амандман.

**ЗОРАН СТОЈАНКИЌ:**

Би сакал да дадам едно кусо појаснување во врска со овој амандман.

Сметам дека предложениот амандман нуди нешто што значи забрзување на самата хипотека. Ако се погледа ставот 1, кој е понуден во членот 7, значи, овој став односно, прво треба да се воспостави договорен однос, потоа да се запише во јавна книга. Додека, предложениот амандман предвидува можност и пред да се случи запишување во јавна книга да може кај нотар да добие својство на јавна исправа. Бидејќи и кај нас постои дилема за овој член, јас не би го прифатил амандманот, па нека самите пратеници одлучат. Мислам, јас ги објаснив предностите и слабостите, нека одлучат дали го прифаќаат или не. Јас не го прифаќам амандманот во име на Владата.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Со оглед што амандманот не е прифатен од претставникот на Владата, отворам претрес по истиот.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави пратеникот Наќе Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас не знам зошто предлагачот не го прифаќа овој амандман, а има позитивно мислење за него во смисла на тоа дека ја подобрува ефикасноста во правниот промет. Се согласувам со таа констатација дека овој амандман ја подобрува ефикасноста во правниот промет.

Второ, дека коинцидира и со правниот систем и го надградува него. Одамна е познато во нашето позитивно законодавство и во другото дека својството на извршна исправа, можат да го договорат странките и тоа е изричито во самиот договор. Не се потребни други правни дејствија, во случајов како што бара Предлогот на законот, на пример, за пишување во јавната книга, ако претходно постигнале согласност странките дека тој договор може да има сила и на извршна исправа. Од тие причини, јас исто така, мислам дека пратениците треба да го поддржат ова во смисла на подобрување на ефикасноста на правниот промет во РМ и поголема ефикасност на законот. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор? Г-дин Чедомир Кралевски.

**ЧЕДОМИР КРАЛЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги, штом овој амандман нуди решение кое е во прилог и во функција на зголемување на ефикасноста на овој институт, јас сакам да кажам дека ќе го дадам мојот глас за овој амандман.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор?

Г-дин Илија Пранговски, веројатно од име на предлагачите.

**ИЛИЈА ПРАНГОВСКИ:**

Благодарам, г-дине потпретседателе, само кратко, бидејќи претходните говорници образложија еден дел од иницијативата зошто е даден овој амандман. Ме радува позитивното мислење по амандманот на заменикот министер за правда, на претставникот на Владата. Сакам само да кажам дека овој амандман е предложен до Собранието во функција на подобрување исклучиво на извршната постапка и на правната процедура во вакви случаи и со една единствена цел да обезбедиме одредени услови подобри за нашите закони во Македонија повеќе да ги штитат доверителите, а помалку должниците. Тоа е основната цел. Благодарам на сите оние кои што ќе го поддржат овој амандман.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор? (Никој).

Од стручна гледна точка, навистина, предлогот има смисла да се прифати.

Амандманот го ставам на гласање. Молам, да гласаме.

Од присутни 63 - 59 гласаа, 43 пратеници гласаа за, воздржани 9, против 7.

Констатирам дека амандманот е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 20 став 2, поднесен од пратениците Љупчо Анушев, Трајко Гешовски, Никоја Јованов, Томислав Петровски, Илија Пранговски и Павле Тодоровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЗОРАН СТОЈАНКИЌ:**

Се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за менување на член 54 поднесен од пратениците Љупчо Анушев, Трајко Гешовски, Никола Јованов, Томислав

Петровски, Илија Пранговски и Павле Тодоровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЗОРАН СТОЈАНКИЌ:**

Се прифаќа и овој амандман.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Со оглед дека и овој амандман е прифатен, констатирам дека е составен дел на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претресот по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, а со оглед дека веќе две закони, кои се еден по друг сврзани околу нивната примена и значење го затворам претресот и законот ќе се стави на гласање на иста седница или во истиот момент кога Законот за извршната постапка и хипотеката ќе бидат ставени за гласање.

Предлагам да продолжиме понатаму.

Колеги пратеници, со оглед дека одлучивме да работиме до 16,00 часот, дали да прифатиме да одиме до крај да ги завршиме точките.

(Нема пауза и се продолжи со работа).

Минуваме на точка 4 - Предлог на закон за жичари и ски-лифтови.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието на РМ, ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандмани на насловот на дел 2 , член 3, став 1, член 5 став 3, 4, 5 и 6, член 10 став 1, и член 21, став 12, алинеја 2, став 6 и 7, член 14 став 2, за менување на член 16, член 18 , член 19, член 24 и за додавање на нов став 2 по ставот 1. Член 32, член 33, став 1, за додавање на нова точка 8, по точката 7, член 35 став 1 точка 1, 2 и 3 и на член 36 за бришење на точка 2 и на точка 4, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандман на насловот на дел 2 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**РЕЏЕП ХАСАНИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Со оглед што амандманот се прифаќа, истиот е составен дел на Предложениот текст на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 3, став 1, поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**РЕЏЕП ХАСАНИ:**

Се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

И за овој амандман е истата претходна констатација дека истиот е составен дел на предложениот закон.

Отворам претрес по амандманот на член 5, став 3, 4, 5 и 6, поднесен од ЗПК.

**РЕЏЕП ХАСАНИ:**

Се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

И овој амандман е составен дел на предложениот текст на закон.

Отворам претрес по амандманот на член 10, став 1 и 2, поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**РЕЏЕП ХАСАНИ:**

Се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

И овој амандман е составен дел на Предложениот текст на закон.

Отворам претрес по амандманот на член 12 став 4, алинеја 2, став 6 и 7, поднесен од ЗПК

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**РЕЏЕП ХАСАНИ:**

Се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

И овој амандман е составен дел на предложениот текст на законот.

Отворам претрес по амандман на член 14 став 2 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**РЕЏЕП ХАСАНИ:**

Се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

И овој амандман е составен дел на предложениот текст на законот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 16 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**РЕЏЕП ХАСАНИ:**

Се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека и овој амандман е составен дел на Предложениот текст на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 18, поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**РЕЏЕП ХАСАНИ:**

И овде, исто така, се работи за техничко подобрување на текстот и се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека и овој амандман е составен дел на предложениот текст на закон.

Отворам претрес по амандман на членот 19 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**РЕЏЕП ХАСАНИ:**

Се прифаќа и овој амандман.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам, после прифаќањето на овој амандман дека и тој е составен дел на Предлог на законот.

Отворам претрес по амандман на член 2 4 и за додавање на став 2 по ставот 1, поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**РЕЏЕП ХАСАНИ:**

Се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека и овој амандман е составен дел на предложениот текст на закон.

Отворам претрес по амандман на член 32 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**РЕЏЕП ХАСАНИ:**

Се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека и овој амандман е составен дел на предложениот текст на законот.

Отворам претрес по амандман на член 33 став 1 за додавање на нова точка 8, по точка 7, поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**РЕЏЕП ХАСАНИ:**

Се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам и овој амандман е составен дел на предложениот текст на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 35 став 1 точка 1, 2 и 3, поднесени од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**РЕЏЕП ХАСАНИ:**

Се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека и овој амандман е составен дел на предложениот текст на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 36 за бришење на точка 2 и на точка 4, поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**РЕЏЕП ХАСАНИ:**

И овој амандман се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Со оглед дека го прифати претставникот на Владата, констатирам дека и овој амандман е составен дел на предложениот текст на закон.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот и законот го ставам на гласање. Молам да гласаме.

Од вкупно присутни 64 пратеници, гласале 55 "за", 2 "возржани","против" нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за жичари и ски-лифтови.

Минуваме на точката 5 - Предлог за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за девизно работење, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлог на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнуваше на Законот за девизно работење.

Ве молам да гласаме.

Од вкупно присутни 67 гласале 52 "за", двајца "воздржани" и двајца "против".

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот. Ве молам да гласаме.

Од 68 пратеника гласале 63 од кои 54 "за" 2 "воздржани" и 7 "против".

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 1 за менуваше на член 2 за менување на член 3, член 6, член 9, член 10 став 11, член 11 став 2, член 12 став 1 и 2, член 13 став 2 и за додавање нови ставови 3 и 4 по ставот 2 на ставот 2, член 14 и на член 17.

Отворам општ претрес по амандманот на член 1, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Ве молам да се произнесе.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Со оглед дека амандманот е прифатен истиот е составен дел на предложениот текст на законот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 2, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласи повереникот.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека и овој амандман е составен дел на текстот на законот, со оглед на тоа што претставникот на Владата го прифати.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 3, поднесен од Законодавно - правната комисија.

И со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

И овој амандман е составен дел на предложениот текст на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 6 поднесен од ЗПК.

И со овој амандман се согласил повереникот.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

И Владата се согласува.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека и овој амандман е составен дел на предложениот текст на закон.

Отворам претрес по амандманот на член 9, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека и овој амандман е составен дел на предложениот текст на закон.

Отворам претрес по амандманот на член 10, поднесен од ЗПК, со кој се согласил повереникот.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Се согласува и Владата.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека и овој амандман е составен дел на предложениот текст на закон.

Отворам претрес по амандманот на член 11, став 2, поднесен од Законодавно - правната комисија, со кој амандман се согласил повереникот.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

И овој амандман е составен дел ан предложениот текст на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 12 став 1 и 2, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека и овој амандман е составен дел на предложениот текст на закон.

Отворам претрес по амандманот на член 13 став 2, и за додавање нови ставови 3 и 4 по ставот 2 и на став 2, поднесен од ЗПК, за кој повереникот се согласил.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека и овој амандман е составен дел на предложениот текст на закон.

Отворам претрес по амандманот на член 14, поднесен од Законодавно - правната комисија, со кој амандман повереникот на Владата се согласил.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека и овој амандман е составен дел од предложениот текст на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 17, поднесен од Законодавно - правната комисија.

И со овој амандман повереникот на Владата се согласил.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

И Владата се согласува.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека и овој амандман е составен дел на предложениот текст на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот и законот го ставам на гласање. Молам да гласаме.

Вкупно присутни 64 од кои 58 гласале, 52 "за", "воздржани" 4 и 2 "против".

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за девизно работење.

Минуваме на точката 6 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за административните такси, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлог на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за административни такси.

Ве молам да гласаме.

Присутни 64, 52 гласале сите "за".

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

(Реакција на пратениците дека немаат кворум).

Колеги, јас го гледам ова овде и ги бројам има.

Јас не знам мониторите се на иста врска, нема две врски.

Ги молам пратениците кои во меѓувреме, по гласањето ја напуштија салата да се вратат назад да продолжиме да работиме.

(Некои пратеници влегуваат во салата).

Еве, веќе имаме повеќе пратеници од фактичкиот број.

Продолжуваме со работа.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот?

Ве молам да гласаме.

Присутни 67, 59 гласале, 56 "за", тројца "против".

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

**МЕРСЕЛ БИЛАЛИ:**

Господине потпретседателе сметам дека не би требало на ваков драстичен начин да се прекршува Деловникот. Имено, според Деловникот потребно е гласање на мнозинството, а тоа е 61. Тука ние сме сведоци на една поинаква бројка 56, 57 пратеника и затоа сметам гласањето треба да се поништи, да се повтори или да се прекине седницата.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Колеги вие се јавувате овде некои со кревање рака, друг на монитор. На мониторот пишува кој сака збор. Ве молам пријавувајте се на монитор, а не гласно.

Колеги, нема да правиме ништо, вие можете да го стискате копчето колку сакате. Или ќе добивате збор по мониторот, на оние кои се јавуваат надвор од монитор нема што да разговараме.

Ве молам за процедурата, јас го водам Собранието, имате и физички повеќе присутни од потребниот број, дали ќе гласате или не, тоа е ваше право.

**КИРИЛ АНДОНОВСКИ:**

Мислам дека тактика е на опозицијата кога ќе претседава господинот потпретседател, иако има кворум да не гласаат. Меѓутоа, тоа не значи дека не може Собранието да работи. Ако сакаат господата можат да излезат и тогаш ќе нема кворум, но нивното присуство не ги овластува базата, односно избирачите да не гласаат.

(Реакција на пратениците од ПДП).

Да, да. Вие сте должни да гласате господа, а не после да притиснете за да земете само дневници. Излезете надвор па тогаш ќе немаме кворум, а сега избројте се колку сте.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор Илија Лазаров.

**ИЛИЈА ЛАЗАРОВ:**

Почитуван потпретседателе, токму во оваа смисла како што истакна господинот Кирил Андоновски. Покрај гласањето за, против и воздржани секој од пратениците има право да присуствува и да не гласа. Меѓутоа тој се брои во присутните, друго е што на таблата не постои, постои колку се присутни и постојано ги собираат картиците на отсутните. Според тоа може кој како сака од опозицијата да си игра со Собранието, со Парламентот, меѓутоа присутни се оние кои што имаат поставено картица и ако така се сомневаме предлагам веднаш пред секое гласање да се собираат картиците па да видиме колку се отсутни, колку се присутни. Не може да си играме до бесвест, да ја заваруваме македонската јавност и Собранието.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор Мерсел Билали.

**МЕРСЕЛ БИЛАЛИ:**

Господине потпретседателе, ние не смееме да бидеме претскажувачи има или нема кворум. Тоа се докажува многу лесно. Имено, ако мислат одделни пратеници кои веќе се искажаа дека имаме кворум, тие можат да побараат поединечно гласање, меѓутоа деловнички мора да гласа мнозинството, а тоа е 61 пратеник, а дали се за, против или воздржани, тоа е нивна работа. Тоа е сосема јасно зошто тука расправаме и губиме време за ништо.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ниту имам намера да ве коментирам, ниту она, што е запишано во Деловникот, тоа ќе биде.

Има збор Абдураман Алити.

**АБДУРАМАН АЛИТИ:**

Добра е околноста што потпретседателот на Собранието беше пратеник и во првото свикување и тука има доста пратеници и потпретседателот тогаш се повикуваше од страна на секретарот како гласа, вели не сум тука.

Јас сега сакам да знам дали јас имам право да не бидам тука или немам. Инаку јас гласам за предлогот, за тоа нема проблем.

Второ, господа, кворум треба да обезбеди позицијата. Научете го тоа за секогаш. Јас постојано ќе гласам за, против, ќе бидам воздржан, не е во тоа проблем, проблемот е дека треба да научите да направите кворум за работа на Собранието. Немојте сега да ги поврзувате гласачите ова, она. Опозицијата има право да се однесува така како што се однесува. Дали памтите вие лично, како и јас кога лично вие гласавте не сум тука. Па, дозволете ми и мене да не бидам тука.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ниту тврдам, ниту оспорувам дека си тука.

Има збор Илија Прангоски.

**ИЛИЈА ПРАНГОСКИ:**

Господине потпретседателе, во контекст на ова што претходно се зборува мислам дека често пати во овој состав, во овој собраниски дом се работи на граница на кворум или под физичкиот број на кворум.

Меѓутоа, се случува една друга работа. Од присутните пратеници кои што се во моментов на гласање присутни, во салата имаме појава на едноставно не гласање. И тоа е она што го кажа г-динот Андоновски, дека тоа не го предвидува Деловникот. Мислам дека треба да бидеме малку посериозни сите како пратеници. Разбираме дека е во прашање позиција и опозиција и односите меѓу позиција и опозиција, но пред се и над се е односот спрема граѓаните на Македонија, кои што не гледаат, не слушаат и често пати се разочарани од нашиот внатрешен однос. Треба да бидеме сите малку посериозни и да ги надминеме тие односи. Не верувам дека Деловникот предвидува пратеник, кој што е присутен во салата да не треба да се изјасни, односно да има право да се изјасни. Ние затоа сме тука, или ќе гласаме за, или ќе гласаме против, или ќе бидеме воздржани, а четвртата форма не ми е позната. И тоа создава една несериозност воопшто кон граѓаните на Македонија, кои што не гледаат и размислуваат што всушност овде правиме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор г-динот пратеник Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Г-дине потпретседателе, ако работиме по Законот за административни такси се јавив за збор.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Отворам општ претрес. Кој бара збор?

Има збор пратеникот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Г-дине потпретседателе, сега сме во фазата на општ претрес по Предлогот на закон. Иако се работи за навидум мали и незначителни измени, по наше видување се работи за сериозни измени, затоа што дел од граѓаните на Република Македонија, кои се соочуваат со овој проблем драстично се менува нивната ситуација, бидејќи административната такса која во одредени позиции се менува, за нив може да значи драстично менување на нивната финансиска состојба од тој момент. Имајќи предвид дека законот е во собраниска процедура еден ипол месец и дека досега Собранието освен комисиското изјаснување немаше други видувања. Оние измени на Законот кој досега беа во дневниот ред не предвидуваа, не предизвикаа ниту некои позначителни амандмани. Сега за време на расправата за оваа седница нас ни се поделени три амандмани по клучната точка од овој закон. И тоа ако дозволите, во 14,00 часот пред еден час ни се доделени амандмани од Пратеничката група на ПДПА – НДП, која е како што знаеме дел од коалицијата. Исто така, пратеник од ДА во 1,30 часот поднесе амандман на истиот закон, исто така учесник од владината коалиција и опозиционот Ризван Сулејмани од ПДП, исто така поднесе амандман на клучната позиција во законот. Со оглед дека пратеничката група на СДСМ треба да се изјасни по Деловникот во процедура која очекувам во рок од неколку минути да започне за карактерот на овие амандмани, за или против, јас како координатор на пратеничката група, а во име на пратеничката група и согласно Деловникот на Собранието барам пауза од 30,00 минути, со цел пратеничката група да изгради став по вака важни и битни амандмани, кои се сосема спротивни од предлогот, или еден со друг како не би се случило да мораме некординирани да одлучуваме со амандмани кои ги добивме на лице место. Барам пауза од 30,00 минути.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Со оглед дека е 15,00 часот, овој предлог за прекин од половина час јас лично за себе го тврдам ова го сфаќам како предлог во овој момент да ја прекинеме седницата. И би било пореално не да чекаме после 15 минути да продолжиме. Ако сакате да се договориме.

Ја прекинувам седницата и продолжуваме утре со почеток во 11 часот.

(Седницата прекина во15,50 часот).